# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ЧАШКА

## 2025 – 2028

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД.......................................................................................... 4
1.1 Профил на општината .......................................................................... 4
1.2 Опис на институционалната рамка .............................................................. 11
1.3 Цел на ИЛРП ................................................................................. 12
II. МЕТОДОЛОГИЈА.................................................................................. 13
III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ ........... 15
IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКА, ЕКОЛОШКА И SWOT АНАЛИЗА ........................... 17
V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА ............................................................................. 26
VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ..................................................................... 27
VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ .............................................................. 31
VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ, ПОТПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ ................................................... 32
IX. БУЏЕТ НА ИЛРП.................................................................................. 69
X. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ................................................................ 72
АНЕКС 1: Социо-економска и еколошка анализа ...................................................... 84
АНЕКС 2: Тематски SWOT анализи...................................................................... 133
АНЕКС 3: Извештај од Форум во заедницата ........................................................... 133

**Воведно писмо од градоначалник**

Почитувани сограѓани, почитувани претставници на институциите, граѓанските организации, деловната заедница и сите партнери на Општина Чашка,

Со особена чест и чувство на одговорност Ви го претставувам Интегрираниот локален развоен план (ИЛРП) на Општина Чашка за периодот 2025–2028 година – стратешки документ кој ја трасира насоката за одржлив, рамномерен и инклузивен развој на нашата општина. Овој план е резултат на посветен, транспарентен и партиципативен процес, во кој активно учествуваа локалните институции, граѓанските организации, месните заедници и граѓаните, со заедничка цел – подобар квалитет на живот за сите жители на Општина Чашка.

Потребата од изработка на овој документ произлегува од реалните предизвици со кои се соочуваат руралните и рурално-планинските подрачја: ограничениот пристап до јавни и социјални услуги, недоволно развиената инфраструктура, потребата од модернизација на локалната економија, како и заштитата и одржливото користење на природните ресурси. Спроведените анализи – социо-економска, еколошка и SWOT – укажаа на неопходноста од интегриран пристап кој ќе ги поврзе секторските политики и ќе овозможи поефикасно и одговорно локално управување.

Целта на Интегрираниот локален развоен план е да обезбеди реална и применлива рамка за справување со клучните приоритети на општината: унапредување на патната, комуналната и водоводната инфраструктура, поддршка на земјоделството и локалното претприемништво, развој на руралниот и еко-туризмот, подобрување на образовните, здравствените и социјалните услуги, како и заштита на животната средина и зголемување на отпорноста на заедницата. Планот е усогласен со националните стратегии и развојни политики, што создава услови за користење на домашни и меѓународни финансиски механизми.

Особена вредност на ИЛРП претставува неговиот инклузивен пристап. Во процесот на подготовка беа вклучени жители од различни населени места, жени, млади, земјоделци, ранливи групи и локални здруженија, при што беше интегрирана и родова перспектива. На тој начин, планот ја одразува реалната состојба и потребите на терен и претставува заедничка визија за развој, заснована на солидарност, еднаквост и меѓусебна доверба.

Убеден сум дека преку заедничка работа, транспарентност и континуиран дијалог ќе успееме да ги реализираме дефинираните цели и да ја унапредиме Општина Чашка како одржлива, функционална и просперитетна рурална заедница. Ве повикувам сите активно да се вклучите во спроведувањето на овој план, затоа што развојот на нашата општина е заедничка одговорност и заедничка иднина.

Со почит,
**Суат Шаќиров**,
Градоначалник на Општина Чашка

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профил на општината

### Историја на заедницата

Првите траги на живот на територијата на Чашка датираат уште од времето на младата камена епоха-неолитот. Материјални траги од овој период се пронајдени во околината на селата Голозинци и Чашка. Нема податоци кои биле најстарите жители на овој простор, но врз основа на расположливата литература е утврдено дека во подоцниот период просторот бил населен прво од Пајонците, а потоа и од Словените од племето Берзити.

Бурните векови кои следеле, биле период исполнет со долги војувања и менувања на власта. Меѓу другите, територијата на општината била и во составен дел од државите на Филип II и Царот Самуил.

Најзначајното движење на овие простори кое настанало како резултат на отпорот против насилството од бугарската власт е Богомилството.

Во периодот на средниот век, започнала традиција за негување на делото на македонскиот херој Крали Марко; неговото име (Марково Кале) го носат повеќе тврдини, како на пр.оние во Бањица, Теово, Владиловци и др.

Процесот на исламизација на дел од македонското население започнува при крајот на 16-ти век. Во истиот период се зголемил и бројот на албанското население. Ова било резултат на природниот прираст, но и на доселувањето на поголема група исламизирани македонски семејства од областа Река.

Во средината на 19-ти век Султанот издал одобрение во поедини краеви да се обноват разурнатите цркви и манастири. Подоцна, манастирите станале место на културно- просветителската дејност на Македонците и нивното национално обединување во борбата за здобивање на својата слобода и држава. Забележителни подготовки за Илинденското востание биле извршени во село Раковец, а биле преземени и конкретни воени активности.

Во септември 1944 год. Президиумот на АСНОМ и раководствата на повеќе Политички организации се сместиле во селото Горно Врановци и таму за прв пат ги имале сите услови за работа и раководење. Тогаш, во село Лисиче била формирана интендантска офицерска и артилериска школа, таму биле стационирани и воените мисии на Англија и на САД, а во село Јаболчиште имало импровизиран аеродром. На слободната територија, во Горно Врановци, била организирана првата стручна расправа за уточнувањето и развојот на македонската литература, а работела и првата партизанска печатница "Гоце Делчев", од каде што излегол првиот број на весникот "Нова Македонија" и многу други списанија и весници. Политичкото и военото раководство на Македонија останало на слободната територија на Општина Чашка се

до конечното ослободување, а кон нивната работа значаен придонес давало и целокупното население.

По 1945 год. имало разни поделби на територијата, но со навлегување на плурализмот во Република Македонија и со територијалната поделба во 1996 год. Чашка повторно била прогласена за посебна општина која обединувала вкупно 16 населени места. Со новиот Закон за територијална организација на РМ од 2004 год. кон тогашната територија на општината биле приклучени и територииите на поранешните општини Богомила, Извор и делови од Велес, па сега Општина Чашка брои вкупно 42 населени места.

Главното населено место, кое во последните педесетина години го диктирало ритамот на економскиот и на политичкиот живот во општината, е населбата Чашка. Населбата била формирана пред Втората светска војна, поточно по изградбата и пуштањето на железничката линија Велес - Битола во 1936 год. Денес населбата Чашка постепено добива современ урбан изглед, во согласност со барањата и потребите на современите животни стандарди.

Од исклучително значење за жителите на Општина Чашка е тоа што од овие простори потекнуваат повеќе истакнати личности, како на пр.: Андреја Дамјанов, Димитрие Андонов- Папрадишки, Горѓи Зографски, Коле Неделковски, Петар Поп-Арсов и Димитрие Чуповски. Сите тие со своето дело имаат оставено длабоки траги и се од големо значење за Република Македонија, па и пошироко.

**Социо-економски карактеристики на општината**

Општина Чашка е рурална општина која се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија со површина од 825 км2. Местоположбата на општината се наоѓа на надморска висина од 275 м.

Соседни општини со кои се граничи општината се од исток со Велес и Градско, од север со Зелениково и Студеничани, од запад со Македонски Брод и Долнени и на јужниот дел со Прилеп и Кавадарци.

Општина Чашка има добра географска положба. Ги поседува најубавите и атрактивни предели на планините Јакупица, Даутица и Бабуна од запад, Клепа од исток, Караџица и Голешница од северо-запад. На територијата на општината е и највисокиот врв на Јакупица, Солунска Глава (2540 м). Целата таа атрактивност на пределот го дополнуваат и реките Бабуна и Тополка. По течението на овие реки се простира алувијална рамнина настаната како резултат на наносите на реките која е многу плодна. Покрај реките Бабуна и Тополка како природен ресурс е и хидросистемот Лисиче.

**Географски центар на Република Северна Македонија**

На надморска висина од 300метри, во месноста на Длабок дол, во близина на селото Долно Врановци во Општина Чашка е одбележан географскиот  центар на Република Северна Македонија.

Географскиот центар на Македонија се наоѓа во еколошки најчистиот предел на државата, покрај реката Бабуна , недалеку од Мелничка планина и врвот Вртешка. Од селото Стари град е оддалечено само 2км , по тешко прооден пат.



*Слика 1. Локација на Општина Чашка на мапата на РСМ*

**Геолошки и релјефен состав**

Просторната разместеност на почвите се карактеризира со 4 педографски реони и тоа:

1. Реон на рамничарски терени
2. Реон на падински терен
3. Реон на брановидно-ридски терени
4. Планински реон

Рамничарските терени се покриени со алувијални, ливадски и глејни почви кои се наоѓаат во сливот на реката Тополка. Како резултат на хетерогениот состав и на долготрајната педогенеза, брановидно-ридските терени се карактеризираат со голем број типови почви (смолници, сирозем, циметни почви, еродирани кафеави почви). Овие почви се карактеристични за сливот на реките Бабуна и Тополка.

Најдобрата, односно првата бонитетна класа на почва е малку застапена во општината и тоа само во долниот тек на реката Тополка, втората бонитетна класа на почва е застапена во сливот и во средните текови на сливните подрачја на реките Бабуна и Тополка.

**Хидролошки карактеристики**

Вкупната површина под води на територијата на Општина Чашка изнесува 8,62 км2.

Најголеми реки на територијата на општината се Бабуна и Тополка.

Реката Бабуна извира под Солунска Глава на планината Јакупица и има должина од 62 км. Пред вливот во реката Вардар прима неколку помали реки.

Реката Тополка извира на падините на планината Јакупица, над селото Горно Јаболчиште, а до вливот во реката Вардар има должина од 38 км. На оваа река, изграден е хидро-системот Лисиче, кој е повеќенаменски и се предвидува да обезбеди водоснабдување за населението од градот Велес и за 8 рурални населби, како и наводнување на 4100ха обработлива земјоделска површина, наводнување на дополнителни 1800ха лозови и други насади, како и ревитализација на езерото Младост.

**Тектонски карактеристики**

Според досегашните сеизмолошки истражувања, територијата на општината спаѓа во терени подложни на чести и јаки земјотреси, предизвикани како од подалечните епицентрални жаришта (Пехчевско-Скопско и Валандовскиот реон), така и од локалните жаришта.

**Климатски карактеристики**

Климата во Општина Чашка е континентална со мало влијание на суб-медитеранска, која продира по долината на реката Тополка. Врнежите се мали, претежно во есенските и зимски денови, а летата се топли и суви. Ветрови се јавуваат од сите правци, меѓутоа преовладуваат од северен и северозападен правец.

Средната годишна температура изнесува 13,10С. Најстуден месец во годината е јануари со просечна температура од 1,80С, а најтопол месец е јули со просечна температура од 24,40С.

Просечното годишно количество врнежи изнесува 477 мм/м2.

**Биолошка разновидност и заштитени подрачја**

На територијата на Општина Чашка согласно со Просторниот план на Република Македонија, дефинирани се следните подрачја:

**Табела 1: Заштитени подрачја на територијата на општина и предлози за заштита**

| **Група** | **Име на објектот** | **Состојба на заштита** |
|---|---|---|
| Национален парк | Јакупица | предлог |
| Научно - истражувачки природен резерват | Слив на Тополка | предлог |
| Споменик на природата | Водопад на Бабуна | предлог |
| Споменик на природата | Кале Бањичко | заштитен |
| Споменик на природата | Пештера Дамјаница | предлог |
| Споменик на природата | Пештера Извор на река Бабуба | Предлог |
| Споменик на природата | Пропаст Солунка | предлог |

| | | |
|---|---|---|
| Споменик на природата | Пропаст Ледник | предлог |
| Споменик на природата | Река Бабуна | предлог |

**Демографски карактеристики**

**Население**

На територија на општина Чашка се 42 населени места  и тоа: Чашка, Војница, Раковец, Дреново, Отиштино, Бањица, Бусилци, Голозинци, Горно Врановци, Мелница, Лисиче, Ново Село, Крива Круша, Крајници, Еловец, Витанци, Горно Јаболчиште , Долно Јаболчиште, Извор, Долно Врановци, Оморани, Мартолци, Владиловци, Крнино, Попадија, Поменово, Степанци, Смиловци, Стари Град, Богомила, Капиново, Плевење, Бистрица, Теово, Согле, Ореше, Нежилово, Папрадиште, Црешнево, Ораов дол, Габровник, Мокрени.

Општина Чашка согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа спаѓа во Вардарскиот регион.

Според податоците од **"Попис на население 2021" Државен завод за статистика во Општина Чашка живеат вкупно 7942 жители, од кои 4083 мажи и 3859 жени.**

Административен центар на Општина Чашка е Населба Чашка, каде делуваат основното училиште ООУ „ Тодор Јанев" , детската градинка „ БАМБИ", полициската станица, Клуб за стари лица и локалната самоуправа.

Општина Чашка се залага континуирано за подобрување на квалитетот и услугите за жителите.

**Табела 2: Вкупно резидентно население во Општина Чашка (Извор:  Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, Попис 2021, 2021 Државен завод за статистика)**

| Општина | Вкупно резидентно население | Вкупно домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| Чашка | 7942 | 2142 | 4728 |

**Табела 3: Вкупно население во Општина Чашка, мажи жени**

| Општина | Вкупно население | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Чашка | 7942 | 4083 | 3859 |

**Табела 4: Население во Општина Чашка според петгодишни групи на возраст и пол - вкупна**

| | Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| **ЧАШКА** | **7942** | 641 | 753 | 653 | 541 | 502 | 511 | 530 | 484 | 474 |

| | Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| | 450 | 427 | 391 | 406 | 378 | 360 | 236 | 137 | 68 | 0 |

**Табела 5: Население во Општина Чашка според петгодишни групи на возраст и пол**

| | Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| **Мажи** | **4083** | 336 | 384 | 329 | 273 | 273 | 268 | 271 | 244 | 248 |
| **Жени** | **3859** | 305 | 369 | 324 | 268 | 229 | 243 | 259 | 240 | 226 |

| | Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| **Мажи** | 233 | 229 | 208 | 197 | 199 | 170 | 120 | 67 | 34 | 0 |
| **Жени** | 217 | 198 | 183 | 209 | 179 | 190 | 116 | 70 | 34 | 0 |

**Табела 6: Вкупно резидентно население во Општина Чашка според изјаснувањето за етничка припадност, основни групи, по пол**

| Етничка припадност | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Македонци** | 3071 | 1622 | 1449 |
| **Албанци** | 4032 | 1999 | 2033 |
| **Турци** | 373 | 202 | 171 |
| **Роми** | / | / | / |
| **Власи** | 1 | / | 1 |
| **Срби** | 24 | 14 | 10 |
| **Бошњаци** | 35 | 16 | 19 |
| **Други неспомнати** | 94 | 55 | 39 |
| **Не се изјасниле** | 3 | 1 | 2 |
| **Непознато** | 7 | 4 | 3 |
| **Лица за кои податоците се преземени од административни извори** | 302 | 170 | 132 |
| **ВКУПНО** | **7942** | **4083** | **3859** |

**Табела 7: Структура на вкупното население во Република Северна Македонина според припадноста кон етничката задница во Општина Чашка, Попис 2021**

| Етничка припадност | Вкупно |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Македонци** | 38.7 |
| **Албанци** | 50.8 |
| **Турци** | 4.7 |
| **Роми** | 0.0 |
| **Власи** | 0.0 |
| **Срби** | 0.3 |
| **Бошњаци** | 0.4 |
| **Други неспомнати** | 1.2 |
| **Не се изјасниле** | 0.0 |
| **Непознато** | 0.1 |
| **Лица за кои податоците се преземени од административни извори** | 3.8 |
| **ВКУПНО** | **100** |

**Сообраќајна поврзаност**

Со градот Велес општината е поврзана со регионалниот пат Р-526, Р-515 и Р-514. Предвидено е општината да се приклучи и кон магистралниот пат К-10 Велес - Прилеп - Битола кој ќе поминува низ територијата на општината, со што значително ќе се подобри територијалната поврзаност со другите делови во државата.

Вкупната должина на патната мрежа во Општина Чашка изнесува 62 км регионален пат и локална патна мрежа во должина од 141 км од кои 75 км асфалтен пат, 16 км тампониран пат и 14,2 км земјен пат.

Низ територијата на општината поминува и железничката пруга Скопје - Битола, по должината на која има 8 железнички станици.

Адмиинистративниот центар на Општина Чашка е одалечен 66км или 1 час возење од главниот град на државата, од најблискиот аеродром е одалечена 50км или 50мин возење а 16км од најблискиот поголем град, градот  Велес. Врската до Скопје и Велес е овозможена преку прилично добра асфалтна патна мрежа и железничка пруга. Една четвртина од населените места во Општина Чашка се директно поврзани со железничка пруга.

## 1.2 Опис на институционалната рамка

Во општинската администрација се вработени вкупно 26 лица, од кои 12 жени и 14 мажи.

**Табела 8: Вработени лица во Општина Чашка**

| Вработени во Општина Чашка по пол | Број на жени | Број на мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Вработени во општинска администрација** | 12 | 14 | 26 |
| **Раководители на сектор** | 1 | 1 | 2 |
| **Раководители на одделенија** | 1 | 3 | 4 |

**Дијаграм 1 : Органограм на Општина Чашка**



### 1.3 Цел на ИЛРП

Интегрираниот локален развоен план за општина Чашка претставува општинска стратегија и насока  кој што ќе ја води општината кон создавање на одржлив локален економски развој, заштита на животната средина и социјална инклузија на локалното население во сите сфери на општественото живеење.

Целта на ИЛРП е да создаде практична и спроведлива рамка која што ќе ги адресира клучните развојни предизвици и со нивно надминување ќе овозможи подобар квалитет на живот кој што ќе биде подеднакво достапен за сите жители на општината.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА

Целосниот процес на планирање е поделен во пет фази, опишани подолу.

**Слика бр. 1 – Циклус на планирање/процес**




A) **Подготвителна фаза** – оваа фаза вклучи започнување на процесот на планирање и мобилизација на локалните чинители.
B) **Аналитичка фаза** – Давање на одговори на следниве прашања: Што имаме? Со какви предизвици се соочуваме? Како да се продолжи во иднина? – овој дел вклучи собирање податоци, истражување на документи, социо-економска, еколошка и SWOT - анализа.
C) **Планирачка фаза** – дефинирање на ВИЗИЈА и одлука за стратешката насока и цели, приоритети, програми, потпрограми и проекти во кои се вклучени мерки и активности што треба да се спроведат за да се постигнат целите на ИЛРП.
D) **Оперативна фаза** - вклучува изработка на рамка за имплементација (план за имплементација, финансиски план, план за развој на организациски капацитети и човечки ресурси).
E) **Фаза на мониторинг и евалуација** – дефинирање на индикатори на успех за да се измери како се спроведуваат програмите, потпрограмите и проектите заедно со предвидените мерки и активности, колку ефективно се спроведувал планот и дали има празнини помеѓу планираните и постигнатите резултати (евалуација).

Родовата перспектива беше вградена во сите фази на планирањето за да се обезбедат еднакви можности за вклучување на жените и мажите во подготовката на ИЛРП.

Подетално, спроведените методолошки чекори се опишани во табелата подолу.

**Табела 9: Методолошки чекори и реализација**

| Методолошки чекори | Реализиацијa |
|---|---|
| **Чекор 1** – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | 5 март, 2025 |
| **Чекор 2** – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | 27 март, 2025 |
| **Чекор 3** – Мапирање на засегнатите страни | 28 април, 2025 |
| **Чекор 4** - Собирање податоци за социо-економска и еколошка анализа | 15 мај, 2025 |
| **Чекор 5** - Социо-економска и еколошка анализа | 26 мај, 2025 |
| **Чекор 6** – Тематски SWOT анализи и интегрална SWOT анализа | 10 јуни, 2025 |
| **Чекор 7** – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | 30 јуни, 2025 |
| **Чекор 8** – Подготовка на визија и изјави за стратешките цели и приоритети , програми, потпрограми и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација | 30 август, 2025 |
| **Чекор 9** - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | 04 Септември, 2025 |
| **Чекор 10** - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Септември, 2025 |
| **Чекор 11** - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Декември, 2025 |
| **Чекор 12** – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Јануари, 2026 |

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општина Чашка, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики; и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општина Чашка е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години).

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Чашка со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општина Чашка особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021– 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2024–2026 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021 – 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 – 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 – 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Македонија 2021–2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национален план за енергија и клима[8];

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8] https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2040 година[9];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[10];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 –2027 година, со Акционен план[11];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 година[12];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016–2025 година[13];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022–2026 година[14];
- ✓ Стратегија за образование 2018– 2025 година[15];
- ✓ Фискална стратегија на Република Македонија 2024 –2026 година[16];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022– 2025 година[17] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки докуемнт во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината:

- ✓ Стратегија за локален економски развој 2024-2028
- ✓ Локална младинска стратегија на Општина Чашка 2025-2029 година
- ✓ Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на Општина Чашка 2021- 2026 година
- ✓ Социјален план Општина Чашка 2024- 2027
- ✓ Стратегија за родова еднаквост на Општина Чашка 2025- 2029

[9] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[10] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[12] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[13] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[14] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[15] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[16] https://finance.gov.mk/
[17] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

## IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКА, ЕКОЛОШКА И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и еколошката анализата беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Чашка.На тој начин е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски – економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување" и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и еколошката анализа на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-економската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

**Табела 10 : Клучни наоди од социо-економската и еколошката анализа**

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општина Чашка е една од ретките општини каде што има зголемен број на население според пописот во 2021 година споредено со податоците од пописот во 2002 година, односно денес на територија на општината живеат вкупно 7942, додека пак во 2002 година живееле 7673 лица.<br>• Мажите се застапени со над 51% учество во вкупниот број на население на територија на општината. | • Потребно е да се задржи ваквиот позитивен тренд и природен прираст на населението во општина Чашка.<br>• Планирањето на социо-економскиот развој треба да биде насочен кон потребите на сите граѓани во општината подеднакво вклучувајќи мажите, жените, припадниците на различните етнички групи, како и маргинализираните групи на граѓани и жителите на руралните средини. |
| • Интересен е фактот што најбројно население според возрасната структура се жителите од 15-35 години. | • Да се изнајдат стимулативни мерки со кои што ќе се настојува да се задржи младото население да основа семејство во општината.<br>• Миграциите, односно иселувањето на младите се бележи како тренд и во оваа општина при што најчесто се иселуваат млади на возраст од 15-29. |
| • Од пописот во 2002 година има промени и во етничката структура кога доминантен бил бројот на Македонци, а согласно пописот од 2021 година во општината е доминантно албанското население со 50.8% од вкупниот број на жители на општината. | • Општината има донесено и посебна стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и кај младите, па мерките од истата треба редовно да се применуваат. |

| | |
|---|---|
| • Општина Чашка бележи позитивен природен прираст, па така стапката на наталитет иако се намалува низ годините сепак е повисока во однос на стапката на морталитет, а природниот прираст во 2022 година изнесувал 7.3% додека пак во 2023, 4.7%. | • Се бележи тренд на пад на природниот прираст во општината.<br>• Да се изнајдат мерки и активности за стимулирање на младите брачни парови за основање на семејство со повеќе деца. |

| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУД** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Во општина Чашка има вкупно 1.189 активни вработени жители од кои што 828 се мажи, а 361 се жени.<br>• Според занимањето и во областа каде што го стекнале образованието работат вкупно 1940 лица од кои 1270 мажи и 643 жени. | • Се забележува поголема разлика во однос на вработеноста кај мажите отколку кај жените.<br>• Потребно е креирање на стимулирачки мерки за женско претпремништво, само-вработување, поддршка на вработените жени. |
| • Според АВРМ, пак, бројот на невработени лица заклучно со 31.12.2024 година изнесува 1074 од кои повеќе од половината или 571 се жени додека пак споредено со трендот од претходните години (2021-2023) има пад на бројот на невработени лица на територија на општината. | • Најголем дел од невработените се без основно или со основно образование (747 лица).<br>• Потребни се мерки за доквалификација и преквалификација на невработените лица согласно потребите на пазарот на трудот. |
| • Според возрасната структура бројот на невработени лица е најголем кај возрасните категории од 19-50 години, додека пак според етничката припадност поголем е бројот на невработени кои се припадници на албанската етничка заедница. | • Потребно е креирање на мерки за отворање на нови иновативни работни места кои што ќе ги задржат младите во општината. |

| **АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Во моменталните капацитети на градинката во Чашка има запишано 37 деца, со што капацитетот е сосема исполнет. Од нив 18 се машки, 19 се женски. Од нив 8 се на годишна возраст до 3 години, останатите 29 деца се на возраст од 3-6 години. | • Изработен е проект за изградба на нова градинка кој што ќе биде финансиран преку Министерството за локална самоуправа со средства од Унгарскиот заем чија што реализација се очекува во следните години и потребно е да се следи и мониторира.<br>• Преку изградбата на градинката ќе се зголемат и можностите за вработување и градење на кариера кај жените. |
| • Расте бројот на запишани ученици во основните училишта во периодот 2021-2025 година. | • Со оглед на тоа што расте бројот на ученици во општината, треба да се вложува во развојот на капацитетите и модернизацијата на училиштата како и |

| | |
|---|---|
| • Околу 200 ученици имаат редовно обезбеден превоз до училиште секоја учебна година.<br>• 3 основни училишта делуваат на територијата на општина Чашка со околу 1200 ученици.<br>• Бројот на машки ученици е поголем од бројот на женски ученици.<br>• Во наставно-образовниот процес вклучени се повеќе мажи отколку жени во општина Чашка. | во квалитетот на наставата и вонннаставните активности. |
| • Општина Чашка организира повеќе културни манифестации во текот на годината.<br>• Има голем број на културни обележја и археолошки наоѓалишта. | • Општина Чашка нема Дом на култура, но предвидено е истиот да се гради со унгарскиот кредит и поддршка на Министерството за локална самоуправа.<br>• Потребна е дополнителна финансиска поддршка за организирање на културните манифестации.<br>• Заштита и одржување на културните обележја.<br>• Промоција на културните обележја и археолошки наоѓалишта во општината. |
| • Општината се соочува со недостиг на медицински кадар, со лекари и сестри.<br>• На територија на општината има 2 приватни амбуланти. | • Општина Чашка во повеќе наврати направила обид да стимулира доаѓање на лекари, но тие биле неуспешни. |
| • Во Општина Чашка социјалните услуги се застапени преку дневни центри за стари лица/ пензионери кои функционираат во Населба Чашка, Теово, Извор и Богомила.<br>• Завршена е капитална инвестиција на МТСП за изградба/ реконструкција на дневен центар за лица со попреченост, за кој е формирана јавна општинска установа и кој е во процедура на воспоставување на услугите за кои е наменет.<br>• Се намалува бројот на корисници на гарантирана минимална помош, како и воопшто бројот на корисници на социјални услуги за период 2023-2025 според податоците од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Велес. | • Идентификувана е зголемена потреба за услуги и поддршка во средината во која живеат старите лица, како и одредени објекти што обезбедуваат резиденцијални специјализирани здравствени и социјални услуги.<br>• Има потреба од воведување на нови социјални услуги.<br>• Потребно е креирање на мерки за вработување на лица со попреченост.<br>• Центарот за социјална работа не води родово-разделена статистика за корисници на социјални услуги, па потребно е воведување и на оваа алатка. |

| ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |

| | |
|---|---|
| • Согласно податоците од Државниот Завод за статистика, бројот на деловни субјекти на територијата на општина Чашка е константен односно има незначително намалување во бројот на активни деловни субјекти за периодот 2021-2023 година, а најголемиот број на деловни субјекти се со број на вработени од 1-9.<br>• Според дејноста пак најголем број од активните деловни субекти (84 заклучно со 2023 година) ги има во делот трговија на големо и мало, а потоа доаѓа дејноста земјоделство, шумарство и рибарство. | • Потребни се мерки кои што ќе ја зајакнат економската одржливост на постоечките активни деловни субјекти што ќе доведе до зголемување на бројот на вработени. |
| • Голем е бројот на регистрирани невладини организации и спортски здруженија. | • Зајакнување на соработката со невладиниот сектор како и партнерското делување и аплицирање за проекти за развој на општината може да придонесе многу за унапредување на локалниот развој. |
| • Најголем број од носителите на семејните земјоделски стопанства се мажи, додека пак исто така забележително е дека од 883 земјоделски стопанства само 50 се раководени од млади до 40 години. | • Потребни се мерки од една страна кои што ќе го зголемат бројот на семејни земјоделски стопанства, а од друга страна потребни се и стимулирачки мерки за жените како носителки на семејни земјоделски стопанства и задржување на младите во секторот. |
| • Општината има развиена добра локална мрежа на соработка и партнерство со локалните засегнати чинители (ЛАГ, здруженија на граѓани, Центар за развој на плански регион и сл.) | • Концептот на меѓусебна соработка на општината со малите претпријатија се уште не е развиен на задоволително ниво.<br>• Потребно е да се развијат дополнителни механизми на соработка, макар и на неформално ниво.<br>• Едно од можните полиња на дејствување на општината е организирање на редовни настани за вмрежување, работилници и форуми, со цел да се охрабрат претприемачите да се поврзат и да создадат силна заедница на поддршка. |
| • Добра покриеност на територијата на општина Чашка со регионални единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и регионална канцеларија на Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството (АПРЗ).<br>• Секторот земјоделство, сточарство и рурален туризам се соочува со | • Потреба од навремено споделување на исклучитено корисни информации за развој и искористување на ИПАРД фондовите во земјоделството и туризмот.<br>• Недоволен број на човечки ресурси кои би биле во функција на локалниот економски и рурален развој во |

| | |
|---|---|
| недостаток на човечки ресурси кои навремено ќе може да одговорат на административните процедури за секојдневното работење.<br>• Иако локалната самоуправа има важна улога во поддршката на бизнис секторот, недостатокот на канцеларии на државните институции во општината претставува значаен предизвик.<br>• Има финансиска поддршка за малите и средни претпријатија преку националните програми и фондови. | општината како и недостаток на стручност кај вработените во фирмите.<br>• Недоволна информираност на МСП за програмите и мерките за финансиска или други вид на поддршка.<br>• Се јавува потреба од обука и унапредување на капацитетите и знаењата во општинската администрација и локалните институции. |
| • Иако постои потенцијал за развој, многу од жителите не поседуваат потребни вештини или обука за да ги искористат можностите кои им се нудат. Ова може да доведе до недостаток на работна сила во клучните сектори и ограничување на способноста на општината да привлече нови инвестиции. | • Неопходно е да се спроведат програми за обука и преквалификација на работната сила. Ова може да вклучува соработка со образовни институции, невладини организации и бизнис асоцијации за развој на специјализирани обуки кои ќе одговараат на потребите на локалниот пазар на труд. |
| • Посетителите ја сметаат општината Чашка за општина која изобилува со природни ресурси (пасишта, шуми, води, земјоделско земјиште и сл.), Тоа претставува споредбена предност во однос на привлекување на туристи, особено од областа на активниот, планински туризам.<br>• Малите локални такси и даноци исто така претставуваат значителна предност, што ја прави општината привлечна за потенцијални инвеститори и нови жители кои бараат финансиски поволни услови. | • Недоволната промоција и маркетинг на културното и природното наследство на општината значи дека многу потенцијални посетители и инвеститори немаат информација за туристичкиот потенцијал на општината.<br>• Со активна промоција на нејзините културни и природни ресурси, подобрување на инфраструктурата и создавање на поволни услови за инвестиции, општината може да привлече нови жители и инвеститори, што ќе доведе до одржлив економски развој. |

| **АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општината поседува значителни предности, вклучувајќи ниски трошоци за уредување на градежно земјиште (комуналии).<br>• Лесен пристап до земјоделско обработливо земјиште, како и до потребната опрема и механизација. | • Чести злоупотреби на доделеното земјоделско земјиште, кое се доделува на лица кои не се земјоделски производители. |
| • Недостасува поширока покриеност со урбанистичко планска документација. Исто така постојат и нелегализирани и невпишани објекти во сопственост на општината, вклучувајќи училишта, | • Општината има недоволни финансиски средства за изготвување на урбанистички проекти.<br>• Без соодветни финансии, невозможно е да се изработат неопходните |

| | |
|---|---|
| месни заедници, игралишта и инфраструктурни објекти. | урбанистички планови, што значително ги ограничува можностите за развој и зголемување на инвестициите.<br>• Недостаток на стручни лица од градежно-урбанистичка област.<br>• Потребни се мерки за надополнување на стручните лица во одделението за урбанизам во општината. |
| • Сообраќајната поврзаност на општината е добра.<br>• Нема целосна покриеност на општината со водоснабдителни системи ниту пак со канализација.<br>• Отстранувањето на цврстиот комунален отпад и друг вид отпад се врши колективно и индивидуално, а дел од руралните средини немаат воопшто организирано собирање на комуналниот отпад.<br>• Има добра покриеност со електрична и телекомуникациска мрежа | • Недоволно развиената внатрешна комунална инфраструктура, вклучувајќи водовод, канализација, патишта, паркови и осветлување, ја ограничува способноста на општината да ги задоволи потребите на своите жители и потенцијалните инвеститори.<br>• Од страна на локалните жители, општината е перципирана како општина со незадоволително организиран јавен превоз. |

| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • Општина Чашка располага со големо природно богатство: планини (Јакупица, Караџица, Даутица), реки (Бабуна и Тополка), плодни земјоделски површини и значајна биолошка разновидност.<br>• Постојат предлози за заштита на делови од територијата (на пр. Јакупица како национален парк, водопадот на Бабуна и повеќе пештери како споменици на природата).<br>• Општината има значаен потенцијал за развој на еко-туризам, шумски ресурси, чист воздух и природни извори на вода.<br>• Постои можност за искористување на обновливи извори на енергија: хидро-ресурси (ХС Лисиче), биомаса (шуми, земјоделски остатоци), соларна енергија.<br>• Најголем дел од територијата е еколошки чиста и има потенцијал за органско земјоделско производство. | • Недоволно развиена инфраструктура за управување со отпад – дел од руралните населби немаат организирано собирање на отпад.<br>• Недостаток на систем за селекција, рециклирање и третман на отпадните води.<br>• Ниски финансиски и човечки капацитети за спроведување еколошки политики.<br>• Слаба енергетска ефикасност на јавните објекти и домаќинствата. Недоволно искористени можности за инвестиции во соларни панели и енергетска санација.<br>• Недоволно развиена свест кај населението за заштита на природата и климатските промени. |

| АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Предизвици |
| • На територија на Општина Чашка функционира полициска станица во населбата Чашка, како и ДППД „Бабуна“ за поддршка при пожари.<br>• Регионалната поставеност на општината овозможува релативно добра поврзаност со поголемите центри (Велес, Прилеп, Скопје).<br>• Општината има искуство во соработка со државни институции и Црвен крст за цивилна заштита и кризен менаџмент.<br>• Во општината има активни месни заедници и граѓански организации кои можат да помогнат во превенција и заштита.<br>• Се изработуваат планови за заштита и спасување согласно законската рамка. | • Ограничени капацитети и ресурси за брза интервенција при пожари, поплави и земјотреси.<br>• Недоволна опременост со специјализирана механизација и возила за справување со елементарни непогоди.<br>• Недоволно развиена свест и култура кај населението за превентивно делување во случај на кризни ситуации.<br>• Нема доволен број на здравствени установи и пунктови за итна медицинска помош, особено во руралните средини.<br>• Недоволен број на обучен кадар за управување со ризици и координација при кризи. |

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Во продожение во табела 11, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање во која се интегрирани и наодите од тематската SWOT анализа.

**Табела 11: Интегрална SWOT анализа**

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| **Внатрешен поглед** | |
| ▪ Расположливи ресурси за развој на земјоделско производство (здрава храна), јагне, сирење, мед, пастрмка), производство на ориз<br>▪ Расположливи ресурси за развој | ▪ Немање на индустриски капацитет на територија на Општина Чашка (ориз)<br>▪ Непостоење на бензиска пумпа на територија на Чашка |

| | |
|---|---|
| на планински, рурален и спелеолошки туризам (Јакупица,Караџица, Бегово Поле,Солунска Глава,Лисец, Иванов врв, село Горно Врановци , можност за развој на историски туризам-печатница на Нова Македонија, АСНОМ; Партизанската болница, пештерата на река Бабуна ,Изворите на река Бабуна, манастир село Ореше, село Теово, Богомила,приказната за Богомилите и архитектурата, Музеј на Петар Поп Арсов и Етнолошки музеј село Богомила<br>▪ Расположливи пасишта за развој на сточарство<br>▪ Врвот Солунска Глава со 2539м е еден од најпрепознатливите и најатрактивните врвови за планинарите од целата земја<br>▪ Географскиот центар на Република Северна Македонија, е во општина Чашка - месноста на Длабок дол, во близина на селотот Долно Врановци<br>▪ Застапени се повеќе видови на дивеч: зајак, волк, лисица, дива свиња, срна, мечка, куна и други<br>▪ Постои одгледувалиште на диви животни во Населба Оморани<br>▪ Изобилство со ниски термофилни шуми од бел габер, дабов регион,буков регион и регион на високо планиснки пасишта.Шумите на борот кривуј на планинскиот масив на Јакупица се научно-истражувани природни резервати<br>▪ Богати лежишта на неметални, минерални ресурси (момирок, кварц, бел и сив мермер, песок, глина)<br>▪ Изобилство со украсни камења - мермер во околината на Нежилово, гранитни стени кои се одликуваат со убави бои и одлични физичко-механички својства, како и гнајсевите од кои може да се добијат блокови за производтсво на плочки<br>▪ Утврдени резерви на енергетски | ▪ Засилена миграција село-град<br>▪ Недостаток на квалификувана работна сила (земјоделство и сточарство)<br>▪ Непокриеност на територијата на општина Чашка со јавен превоз<br>▪ Недоволна покриеност со урбанистичко планска документација на населените места во општината<br>▪ Слаби капацитети на општината за воспоставување на одржлив економски развој базиран на локални ресурси<br>▪ Нецелосно решена комунална инфраструктура (не се сите населени места покриени со водоводна, канализациона и др.инфраструктура)<br>▪ Недоволна информираност за можностите за развој на бизнисите<br>▪ Недоволно развиен претприемнички дух кај младите |

| | |
|---|---|
| суровини - јаглен<br>▪ Одлични климатски услови - Село Јасеново- воздушна бања, каде е изграден болнички комплекс за лекување на белодробни заболувања.<br>▪ Изобилство со печурки и шумски плодови.<br>▪ Сместувачки и угостителски објекти – Нежилово, Оморани, итн. ,<br>▪ Музеј Петар Поп Арсов Богомила заедно со Етнолошка поставка на предмети од АЗОТ во село Богомила<br>▪ Спомен куќа на Коле Неделковски, село Војница<br>▪ Традиција во производство на земјоделски производи и сточарство | |
| **Можности** | **Закани** |
| **Надворешен поглед** | |
| ▪ Препознатливост од страна на домашни и странски посетители, посебно во областа на активен, планински туризам<br>▪ Евтини, субвенционирани летови од страна на владата кои ја доближуваат општината до потенцијалните посетители.<br>▪ Постоење на ИПА фондови и национални програми за земјоделство и рурален развој (Можност е нивното постоење, а искористувањето зависи од вас и тоа е потенцијална активност)<br>▪ Растечки тренд на заинтересираност за активен, културно историски туризам<br>▪ Постоење на меѓународни организации, кои го поддржуваат локалниот економски развој | ▪ Климатките промени<br>▪ Некомплетна децентрализација која резултира со големи обврски на локалната самоуправа и мали или никакви бенефити (распределување на земјоделско земјиште, искористување на шумски фонд, искористување на минерални суровини, искористување на воден потенцијал)<br>▪ Тенденцијата на миграција на државно ниво, иселување на младите од државата<br>▪ Нефункционалност на дел од дравни институции или недоволно дефинирани надлежности (на пример во слиучај на пожар, тешко е да се дефинира одговорноста на институциите за реагирање)<br>▪ Недоволно развиена свест за заштита на природното богатство на ниво на држава |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА

Визијата на Општина Чашка се темели врз постојните природни, социо-економски и културни предности. Нејзиното формулирање ја одразува потребата за:

**Одржлив социо-економски развој** – преку диверзификација на економските активности, зајакнување на земјоделството и сточарството, како и поддршка на локалните мали бизниси и занаетчии.

**Развој на урбани и рурални средини** – унапредување на урбаното планирање, патната и комуналната инфраструктура, со цел да се спречи миграцијата и да се подобрат условите за живот.

**Производство на здрава храна** – искористување на природните ресурси и земјоделските капацитети за создавање конкурентна предност во однос на органското и традиционалното производство.

**Планински и рурален туризам** – развој на туристичката инфраструктура и промоција на природните убавини (Јакупица, Даутица, Караџица) како потенцијал за економски раст и нови работни места.

**Заштита на животната средина** – спроведување активности за управување со отпад, заштита на водите, пошумување и зачувување на биодиверзитетот.

**Квалитетен живот за сите граѓани** – подобрување на образованието, здравството, културата и спортот, како и обезбедување на еднакви можности и социјална инклузија.

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и се однесуваат на идентификуваните (низ АНАЛИЗА) споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на воочените клучни предизвици и дефицити.

Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Наведените стратешките цели се формулирани за секоја од областите од општинска надлежност за период од оваа и наредните три години.

**Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште (УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ)**

- *Зголемена е површината под урбанистички планови со валидно времетраење за 20% и во плановите се адресирани просторни ризици поврзани со природни настани – климатски и еколошки влијанија и аерозагадувањето;*
- *Изработена е локална планска документација за изградба на објекти за лесна и незагадувачка индустрија на подрачјето на општина Чашка;*
- *Зголемување на бројот на нови станбени објекти;*
- *Зголемување на бројот на урбанистички планови, општи акти за села;*
- *Поддршка на општината за оформување на парцела со целосна комунална инфраструктура за инвестиција - бензиска пумпа;*
- *Поттикнување на отварање на нови работни места.*

**Заштита на животната средина и природата**

- *Зголемување на опфатеноста на населението со услугата за собирање на комунален отпад за минимум 15%;*
- *Подобрено управување со општинската депонија;*
- *Воведување на систем за селектирање и рециклирање на отпад на подрачјето на општина Чашка;*
- *Да се обезбеди рамноправно и рамномерно учество на општина Чашка во изготвувањето и реализацијата на регионалниот план за управување со отпад во Вардарски плански регион;*
- *Мапирање и валоризација на природните убавини на општината и иницирање и спроведување на постапка за прогласување на Јакупица за заштитено подрачје.*

**Локален економски развој**

Создавање на неопходни предуслови за забрзан локален економски развој и разбој на туризмот преку:

- *Развој на одржливо земјоделско производство преку модернизација и финансиска поддршка на земјоделските стопанства;*
- *Развој на планински туризам и воведување на субвенциониран автобуски превоз до локации поволни за развој на планинскиот и еко туризам;*
- *Зголемување на бројот на производители на ориз за 5% ;*
- *Зголемување на бројот на нови работни места за 5%;*
- *Зголемување на бројот на земјоделци, сточари 20%;*
- *Зголемување на бројот на жени земјоделки за 5%;*
- *Оформување на општинска економска зона во Населба Чашка;*
- *Зголемување на бројот на угостителски и сместувачки објекти.*

**Комунални дејности**

Унапреден е квалитет и зголемен е опфат на население со комунални услуги:

- *Обновени се 15% од мрежата за водоснабдување и 15% од мрежата за одведување на отпадни води;*
- *Изградени се нови 5 км водоводна мрежа и 8 км канализација и зголемен е бројот на корисници на водните услуги за 10%;*
- *Изградени и ставени се во употреба станиците за пречистување на отпадните води во селата Богомила, Оморани и Лисиче;*
- *Изградени се и пуштени во употреба системи за собирање, одведување, третман и прочистување на отпадни води во селата Горно и Долно Јаболчиште, Горно Врановци и селото Бањица.*

**Култура**

Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на територијата на Општина Чашка:

- *Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации*
- *Зголемување на бројот на манифестации и културни настани на територија на општината за 5%*

**Спорт и рекреација**

Унапредување на спортот и рекреацијата во општината:

- *Зголемување на бројот на млади вклучени во спортски активности за 15%;*
- *Зголемување на бројот на спортски настани за 5%;*
- *Формирани се минимум две нови спортски екипи во училиштата од кои минимум една за девојчиња;*

- *Зголемување на финансиската поддршка за спортски клубови и здруженија за 5%.*

**Социјална заштита и заштита на децата**

Унапредени услуги за социјална заштита и заштитата на децата:

- *Зголемен опфат на деца во детски градинки за 10%;*
- *Воведување минимум две нови услуги за највозрасните лица во општината;*
- *Унапредување на услугите за дневен престој и лична асистенција за лицата со попреченост;*
- *Воведување на услуги за привремен престој на жртви на семејно и родово-базирано насилство.*

**Образование**

Обезбедување на поголемо учество на локалните заедници во процесите на донесување одлуки, поактивно и потранспарентно управување со училиштата преку поголема вклученост на учесниците, и поефикасна контрола над работата и активностите во училиштата и над квалитетот на наставата:

- *Трансформирање на две основни и едно средно училиште во целосно етнички интегрирани училишта;*
- *Интегрирање на сите деца од заедницата во образовниот процес;*
- *Интегрирање на сите деца со попреченост во образовниот процес;*
- *Унапредување на мултиетничката и мултикултурната средина во која што функционираат општинските училишта;*
- *Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците.*

**Здравствена заштита (УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА)**

Зголемен квалитет и достапност на здравствените услуги во општината:

- *Зголемување на бројот на здравствени установи, државни и приватни на територијата на општината;*
- *Зголемување на бројот на аптеки во општината;*
- *Воспоставување на итна медицинска помош во општина Чашка;*
- *Обезбедување на услуги за сексуално и репродуктивно здравје во руралните средини преку ангажирање на рурални мобилни амбуланти.*

**Заштита и спасување (на граѓаните и на материјалните добра)**

Обезбедување на квалитетна и навремена заштита на граѓаните и материјалните и културни добра од пожари, природни непогоди и справување со кризи:

- *Континуирана поддршка и унапредување на работата на* ДППД Бабуна како поддршка на ТППЕ Велес;

- *Унапредување на соработката со локалните и национални институции во областа*

**Еднакви можности за жените и мажите**

Унапредување на практикувањето на родовата еднаквост во сите сфери на општественото живеење во локалната заедница:

- *Изградена култура на еднакви можности на локално ниво преку анализа на состојбата со родовата еднаквост, промоција на еднаквите можности и обезбедување подеднакво учество на мажите и жените во процесите на донесување на одлуки;*
- *Зголемување на бројот на жени на раководни позиции за минимум 5%;*
- *Зголемување на бројот на жени учесници на јавни консултации, средби, форуми во заедниците за минимум 10%;*
- *Вклучување на граѓанските организации во процесите на одлучување за родово-сензитивни прашања во општината*

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Во согласност со Визијата за одржлив социо-економски, културен и образовен развој, Општина Чашка ги дефинира своите развојни приоритети во насока на создавање квалитетен живот за сите граѓани, преку искористување на природните ресурси, зајакнување на локалните капацитети и обезбедување еднаков пристап до услуги.

Од приоритетно значење е **развојот на земјоделското производство** како столб на економијата на општината, со посебен акцент на модернизација на земјоделските стопанства, воведување на нови технологии и капацитети за белење на ориз, сточарско производство и поддршка на младите и жените земјоделци. Ова ќе придонесе за зголемување на животниот стандард, отворање на нови работни места и намалување на миграцијата село – град.

**Инфраструктурниот развој** претставува втора стратешка насока. Подобрувањето и проширувањето на патната мрежа, како и унапредувањето на комуналната инфраструктура (водоснабдување, канализација, пречистување на отпадни води, јавен превоз и улично осветлување) ќе обезбеди рамномерен просторен развој и поголема атрактивност на општината за инвеститори и жители.

Општината го препознава и значењето на **развојот на руралниот и планинскиот туризам**, преку инвестирање во туристичка инфраструктура, промоција на природните убавини на Јакупица, Даутица и Караџица, како и културното и историското наследство. Со тоа ќе се поттикне локалната економија, ќе се зголеми бројот на туристи и посетители, а општината ќе се позиционира како дестинација за активен, еко и културен туризам.

**Образованието, културата, спортот и здравството** остануваат клучни области за подобрување на квалитетот на живеење. Приоритет ќе има модернизацијата на основните училишта, промовирањето на културното наследство, развојот на спортски активности за младите и зајакнување на превенцијата и услугите во примарната здравствена заштита.

Посебен акцент е ставен на **заштитата на животната средина** – преку воспоставување на системи за управување со отпад, селекција и рециклирање, третман на отпадни води, пошумување и мониторинг на загадувањето.

Со овие приоритети, Општина Чашка се стреми кон сеопфатен и одржлив развој кој обезбедува економска стабилност, социјална кохезија, зачувана животна средина и подобрен квалитет на живот за сегашните и идните генерации.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ, ПОТПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Поглавјето го започнуваме со куса финансиска аанализа во следниве три табели а од наодите наративно опишуваме:

- Тренд на приходи и расходи по сметки
- Тренд на вкупни расходи по надлежности

Целта е да се оствари увид во постоечката состојба со финансирањето на општината како основна рамка за проектирање на буџетот на ИЛРП.

**Приходи на општина Чашка**

Вкупно реализираните приходи во Општина Чашка во анализираните години бележат континуирано зголемување, и тоа зголемување од 17% во 2023 во однос на 2022 година и потоа во 2024 година во однос на 2023 бележат зголемување од 11,3%.

Приходите од основен буџет имаат  најголемо зголемување во 2023 година во однос на 2022 од 35,66%, а во 2024 година има зголемување само од 1,55% во однос на 2023.

Дотациите секоја од анализираните последователни години бележат раст во однос на претходната година и тоа 5,79% во 2023 и 19,65% во 2024 година.

Приходите од самофинансирачки активности иако имаат многу мало учество во вкупните приходи (0,3%) исто бележат раст во сите три години и тоа 31% во 2023 година во однос на 2022, а во 2024 година во однос на 2023 се имаат зголемено за речиси 2,5 пати.

За разлика од нив приходите од донации, кои исто имаат мало учество во вкупните приходи кое се движи од 2% во 2022, преку 0,45% во 2023, до 0,31 во 2024, бележат континуиран пад, и тоа 74% во 2023 и дополнителни 22% во 2024 година.

Во анализираните три години општината нема приходи од кредити.

Општина Чашка како и повеќето општини во државата се карактеризира со најголемо учество на дотациите во вкупните приходи кои надминуваат 50%, со исклучок на 2023 година кога дотациите (49,9%) се речиси изедначени со приходите од основен буџет (49,3%).

Втори по големина се приходите од основен буџет со над 40% учество во вкупните приходи во анализираниот период.

**Табела 12: Приходи на општината по сметки за 2022, 2023 и 2024 година**

| | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 64.517.701 | 87.521.972 | 35,66 | 42,50 | 49,31 | 16,02 |
| Донации | 3.106.972 | 796.562 | -74,36 | 2,05 | 0,45 | -78,07 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 464.641 | 608.398 | 30,94 | 0,31 | 0,34 | 11,99 |
| Дотации | 83.724.975 | 88.575.652 | 5,79 | 55,15 | 49,90 | -9,52 |
| **Вкупно** | 151.814.289 | 177.502.584 | 16,92 | 100,00 | 100,00 | |
| | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| Основен буџет | 87.521.972 | 88.882.245 | 1,55 | 49,31 | 44,99 | -8,76 |
| Донации | 796.562 | 617.904 | -22,43 | 0,45 | 0,31 | -30,31 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 608.398 | 2.087.575 | 243,13 | 0,34 | 1,06 | 208,28 |
| Дотации | 88.575.652 | 105.980.193 | 19,65 | 49,90 | 53,64 | 7,50 |
| Вкупно | 177.502.584 | 197.567.917 | 11,30 | 100,00 | 100,00 | |

**Расходи на општина Чашка**

Вкупните расходи на општина Чашка бележат континуиран раст и тоа зголемување од 4,33% во 2023 во однос на 2022 година и потоа во 2024 година во однос на 2023 бележат зголемување од 24,77%.

Трендот на движење кај расходните сметки е ист како и кај приходните сметки. Расходите од основен буџет во 2023 година бележат раст од речиси 6%, а во 2024 година има зголемување од дури 30,53%.

Расходите од дотации ги следат приходите од дотации, имаат исто зголемување како и приходите, односно 5,79% во 2023 и 19,65% во 2024 година.

Расходите од самофинансирачки активности иако имаат многу мало учество во вкупните приходи (од 0,26% во 2022 до 1% во 2024) исто бележат раст во сите три години и тоа 56,76% во 2023 година во однос на 2022, а во 2024 година во однос на 2023 се имаат зголемено за речиси 2,3 пати.

Единствено расходите од донации бележат континуиран пад и тоа последователно во секоја од трите години, односно пад од 74,36% во 2023 година, а

53,61% во 2024 година, но и тие се карактеризираат со мало учество во вкупните приходи.

Структурата на расходите е слична како и структурата на приходите. Во сите три години најголемо учество имаат расходите од дотации, над 50%, а следуваат расходите од основен буџет, над 40%. Расходите од донации и расходите од самофинансирачки активности имаат незначително учество во структурата на расходи, односно помало од 2,5% кумулативно во сите анализирани години. Општината нема расходи по основ на кредити.

**Табела 13: Расходи на општината по сметки за 2022, 2023 и 2024 година**

| | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 64.296.407 | 68.093.316 | 5,91 | 42,44 | 43,08 | 1,51 |
| Донации | 3.106.972 | 796.562 | -74,36 | 2,05 | 0,50 | -75,43 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 388.100 | 608.398 | 56,76 | 0,26 | 0,38 | 50,26 |
| Дотации | 83.724.975 | 88.575.652 | 5,79 | 55,26 | 56,03 | 1,40 |
| Вкупно | 151.516.454 | 158.073.928 | 4,33 | 100,00 | 100,00 | |
| | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| Основен буџет | 68.093.316 | 88.882.245 | 30,53 | 43,08 | 45,06 | 4,61 |
| Донации | 796.562 | 369.522 | -53,61 | 0,50 | 0,19 | -62,82 |
| Кредити | - | - | 0,00 | 0,00 | - | 0,00 |
| Самофинансисрачки активности | 608.398 | 2.003.344 | 229,28 | 0,38 | 1,02 | 163,90 |
| Дотации | 88.575.652 | 105.980.193 | 19,65 | 56,03 | 53,73 | -4,11 |
| Вкупно | 158.073.928 | 197.235.304 | 24,77 | 100,00 | 100,00 | |

**Расходи на општина Чашка по буџетски програми**

Во однос на програмите треба да се напомене дека расходите за образование и за детски градинки речиси целосно се финансирани од дотации.

Во структурата на расходите по програми најголемо учество имаат образованието кое учествува со над 50% од вкупните расходи, општинската администрација која во сите три години се движи скоро до 25% и комуналните дејности кои се движат околу 15%.

Кај овие најголеми програми на расходи во 2023 година најголем раст бележат расходите за општинска администрација 7,56%, потоа комуналните услуги од речиси 7%,

а расходите за образование бележат раст од 4%. Од останатите програми со значително мало учество во вкупните расходи во 2023 година најголем раст имаат расходите за урбанистичко планирање кои се зголемени за 3,5 пати, расходите за градоначалник се зголемени за 41%, а пад бележат само расходите за советот на општината и тоа 84%.

Во 2024 година, од најголемите програми најголем раст бележат расходите за општинска администрација 21,46%, потоа комуналните услуги од речиси 19,51%, а расходите за образование бележат раст од 18,88%. Од останатите програми со значително мало учество во вкупните расходи во 2024 година најголем раст имаат расходите за советот на општината кои се зголемиле за 4,3 пати во однос на 2023, расходите за урбанистичко планирање кои се зголемени за речиси 3,3 пати во однос на 2023, расходите за детски градинки се зголемени за речиси 65%, а единствено се намалени расходите на програмата за локален економски развој за која не се потрошени средства во 2024 година.

**Табела 14: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2022, 2023 и 2024 година**

| Програма | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| A Совет на општина | 3.546.826 | 566.500 | - 84,03 | 2,34 | 0,36 | - 84,69 |
| D Градоначалник | 1.554.065 | 2.189.991 | 40,92 | 1,03 | 1,39 | 35,07 |
| E Општинска администрација | 36.527.120 | 39.290.302 | 7,56 | 24,11 | 24,86 | 3,10 |
| F Урбанистичко планирање | 170.000 | 764.476 | 349,69 | 0,11 | 0,48 | 331,04 |
| G Локален економски развој | 68.311 | 76.730 | 12,32 | 0,05 | 0,05 | 7,66 |
| J Комунални дејности | 22.997.929 | 24.598.199 | 6,96 | 15,18 | 15,56 | 2,52 |
| K Култура | - | 97.670 | N/A | - | 0,06 | N/A |
| L Спорт и рекреација | 230.000 | 305.000 | - | 0,15 | 0,19 | - |
| M Програми за развој | - | - | - | - | - | - |
| N Образование | 81.107.003 | 84.398.516 | 4,06 | 53,53 | 53,39 | - 0,26 |
| Q Заштита и спасување | - | 100.000 | - | - | 0,06 | N/A |
| R Заштита на животна средина | - | - | - | - | - | - |
| T Здравствена заштита | - | - | - | - | - | - |
| V Детски градинки и домови за стари лица | 5.191.866 | 5.582.096 | 7,52 | 3,43 | 3,53 | 3,06 |
| W Противпожарна заштита | 96.666 | - | - | 0,06 | - | - 100,00 |
| X Родова еднаквост | 26.668 | 104.448 | - | 0,02 | 0,07 | 275,41 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 151.516.454,00 | 158.073.928,00 | 4,33 | 100,00 | 100,00 | - |

| Програма | 2023 | 2024 | Раст 2024/2023 | Структура 2023 | Структура 2024 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| A Совет на општина | 566.500 | 3.029.671 | 434,81 | 0,36 | 1,54 | 328,62 |
| D Градоначалник | 2.189.991 | 2.550.696 | 16,47 | 1,39 | 1,29 | - 6,65 |
| E Општинска администрација | 39.290.302 | 47.721.662 | 21,46 | 24,86 | 24,20 | - 2,66 |
| F Урбанистичко планирање | 764.476 | 3.256.859 | 326,03 | 0,48 | 1,65 | 241,44 |
| G Локален економски развој | 76.730 | - | - 100,00 | 0,05 | - | - 100,00 |
| J Комунални дејности | 24.598.199 | 29.396.669 | 19,51 | 15,56 | 14,90 | - 4,22 |
| K Култура | 97.670 | - | - | 0,06 | - | - 100,00 |
| L Спорт и рекреација | 305.000 | 480.000 | - | 0,19 | 0,24 | 26,13 |
| M Програми за развој | - | - | - | - | - | - |
| N Образование | 84.398.516 | 100.336.774 | 18,88 | 53,39 | 50,87 | - 4,72 |
| Q Заштита и спасување | 100.000 | 100.000 | - | 0,06 | 0,05 | - 19,86 |
| R Заштита на животна средина | - | 1.000.000 | N/A | - | 0,51 | N/A |
| T Здравствена заштита | - | - | - | - | - | - |
| V Детски градинки и домови за стари лица | 5.582.096 | 9.195.195 | 64,73 | 3,53 | 4,66 | 32,02 |
| W Противпожарна заштита | - | 100.000 | - | - | 0,05 | N/A |
| X Родова еднаквост | 104.448 | 67.778 | - | 0,07 | 0,03 | - 47,99 |
| Вкупно | 158.073.928,00 | 197.235.304,00 | 24,77 | 100,00 | 100,00 | - |

Општина Чашка е општина која е високо зависна од дотации. Сепак, од горните анализи може да се идентификуваат неколку предизвици со буџетирањето и да се идентификуваат следниве насоким мерки и активности за подобрување на јавниот финансиски менаџмент во општината:

1. **Воведување на буџетирање врз основа на резултати:**
   - Дефинирање јасни цели, индикатори и мерила за успех за секоја програма;
   - Редовна анализа на трошоците и постигнатите ефекти со цел утврдување на квалитетот на услугите кон граѓаните;

- Подобрување на поврзаноста меѓу зголемените расходи и нивниот придонес во подобрувањето на општинските услуги.

2. **Диверзификација на приходите и намалување на зависноста од дотации:**
    - Зајакнување на наплатата на локалните даноци и такси;
    - Ревизија и постепено зголемување на даночните стапки согласно законските можности проследено со соодветно образложение за намената на средствата и унапредена отчетност;
    - Развивање и реализација на проекти за јавно-приватно партнерство;
    - Активно аплицирање и користење на средства од ЕУ фондови и други донаторски програми.

3. **Рационализација на трошоците по програми**
    - Прераспределба на расходите меѓу програмите согласно законските надлежности и приоритетите на граѓаните;
    - Спречување на прекумерна концентрација на средства во ограничен број програми;
    - Поголема поддршка на програми со реална корист за жителите и со капацитет за имплементација.

4. **Зголемување на транспарентноста и отчетноста кон граѓаните**
    - Воспоставување на онлајн платформа за прикажување на трошењата во реално време;
    - Објавување на финансиските податоци во лесно читливи и разбирливи формати (на пр. Excel);
    - Воведување можност за коментирање и доставување предлози од страна на жителите.

5. **Функционален развој на занемарените програми**
    - Активирање на потпрограми за локален економски развој преку поддршка на земјоделци, занаетчии и за развој на туризмот;
    - Инвестирање во спорт и култура за младите, и во услови на ограничен буџет;
    - Редовно буџетирање и реализација на активности за заштита на животната средина (унапредено собирање на отпад, садење зелени површини, мониторинг на загадувањето);
    - Поттикнување на активности поврзани со здравство, спорт, заштита и спасување со цел подобрување на квалитетот на живот во општината.

### 8.1. Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Чашка

Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Чашка претставува основа за уредувањето и опремувањето на градежното земјиште.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отворање на нови локации за:

- А- Домување и престој
- Б- Деловни и комерцијални намени
- В- Јавни дејности и институции
- Г- Производство, рударство, енергетика и индустрија
- Д- Зеленило, рекреација и меморијални простори
- Е- Инфраструктура
- Ревизија на постојниот и планираниот сообраќај

Планирањето се овозможува преку:

- Урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.
- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење.
- Локална урбанистичка планска документација
- Планско проектни документации – урбанистички проекти

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Урбанистичко планирање** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за урбанистичко планирање** | Финансирање за изработка на урбанистички планови | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Доброто планирање може да направи големи разлики во квалитетот на животот на граѓаните до развој на здрава економија и одржливост на животната средина. Урбанистичкото планирање е една од главните алатки со кои може да се обезбеди непречен и одржлив развој на општината. | | |
| **Планирани активности** | 1 – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В4.8. Згради на органите на локалната самоуправа на КП 1295/8 и КП 1295/5 КО Чашка, општина Чашка со вклучена Ревизија; 2- Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализациона мрежа и изградба на предтретман на отпадни води од Општ Акт за с.Бањица, општина Чашка со вклучена Ревизија; 3 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта на дел од улица "Кочо Рацин" на дел од КП 1297/1 КО Чашка и дел од КП 1297/1 КО Чашка вон град, општина Чашка со вклучена Ревизија; 4 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта за изградба на локален пат Л-20 до с.Нежилово, КО Нежилово, КО Ореше, КО Капиново и КО Богомила, општина Чашка со вклучена Ревизија; 5 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта за изградба на локален пат Л-23 кон с.Папрадиште, КО Папрадиште и КО Ореше, општина Чашка со вклучена Ревизија; 6 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за поврзување на локалн пат од с.Чашка со регионалниот патен правец Р 2344 (Чашка-с.Дреново) со вклучена Ревизија; 7 - Локална урбанистичка планска документација за А4–времено сместување на КП 298 и дел од КП 299, КО Владиловци, општина Чашка; 8 - Урбанистички проект за инфраструктура: Нов 10(20) кВ кабелски вод низ КП 111/1, КП 128/10 КО | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Лисиче, општина Чашка и поставување на нова ТС на КП 111/21 КО Лисиче,општина Чашка; 9 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1 Локални (општински) патишта со паркинзи на дел од улица "8ми Септември" на дел од КП 148/1 и дел од КП 148/3 КО Чашка, општина Чашка со вклучена Ревизија; 10 - Ревизија на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 256/1, КП 257 и КП 261 КО Чашка вон град, општина Чашка; 11 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 651 КО Мелница, општина Чашка; 12 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој –викенд куќи, на КП 588/1 и дел од КП 588/2, КО Мелница, Општина Чашка; 13 -Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој –викенд куќи, на КП 593 и дел од КП 594, дел од КП 592, дел од КП 594 и дел од КП 596/1, КО Мелница, Општина Чашка; 14 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - ЛЕСНА ФАРМАЦЕВСКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, ВОДА, ПРЕРАБОТКА НА ГРАДИНАРСКИ ПРОИЗВОДИ И ОВОШЈЕ, ТУТУН И ДРУГИ на дел од КП 406, дел од КП 376, дел од КП 381/2, дел од КП 380/2 и дел од КП 379 КО Извор, Општина Чашка; 15 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој –викенд куќи на КП бр.3575 , КП бр.3576, КП бр.3577, КП бр.3578 и КП бр.607 КО Оморани, општина Чашка; 16 - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г2.2 - ЛЕСНА ФАРМАЦЕВСКА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА, МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ, БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ, ВОДА, ПРЕРАБОТКА НА ГРАДИНАРСКИ ПРОИЗВОДИ И ОВОШЈЕ, ТУТУН И ДРУГИ НА КП 3553 КО БИСТРИЦА, ОПШТИНА ЧАШКА; 17 - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија, 10(20)кВ среднонапонски надземен вод и Е1.9 Телекомуникациска антена ВЛС9243, КО Богомила, Општина Чашка | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Приходи од уредување, градба и користење на градежно земјиште на територијата на општина Чашка | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, склучените договори со инвеститорите, како и од приливот на средствата од надоместоците за градба, уредување и користење на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Чашка итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 7.239.791,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 1.943.791,00 | 1.600.000,00 | 1.760.000,00 | 1.936.000,00 |

| | |
|---|---|
| **Статус на реализација на проектот** | За реализација на оваа потпрограма секоја година се изготвува извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Чашка и прилив од приходи по основ на градба, уредување и користење на градежно земјиште, како и финансирање од други извори |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во јавните расправи при изготвувањето на урбанистичко-техничката документација, како и реализацијата на планираните урбанистички проекти. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија и инвестиции да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Чашка, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. |

**Потпрограма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина на просторот на општина Чашка**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбанистичко планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Потпрограма за урбанистичко планирање | Уредување на градежно земјиште на територија на општина Чашка | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела. Степенот на уреденост може да биде: основен, повисок и понизок од основниот степен н уреденост | | |
| Планирани активности | 1 – Набавка на документација и услуги за геодетски работи; 2 - Набавка на цемент и агрегат-песок за подготовка на бетон за бетонирање за потребите на Општина Чашка; 3 - Бетонирање на улица со готов бетон во с.Мелница; 4 - Бетонирање на улица со готов бетон во с.Горно Врановци; 5 - Асфалтирање на спортски терен со асфалт и негово оградување во с.Извор; 6 - Бетонирање на улици со готов бетон во с.Богомила; 7- Асфалтирање на спортски терен со асфалт и негово оградување во с.Горно Јаболчиште; 8 - Поплочување на улици во с. во с.Горно Јаболчиште со бехатон; 9 - Реконструкција на премин над водотек во с.Долно Јаболчиште; 10 - Бетонирање на улици со готов бетон во с.Оморани; 11 - Уредување на центар во с.Ореше итн. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Приходи од уредување и располагање со градежното земјиште, како и изградба на планираните објекти на градежното земјиште на територија на општина Чашка | | |
| Ризик и претпоставки | Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на завршување на проектот | Декември 2028 | | | |
| Вкупна вредност | 103.333.970,92 денари | | | |
| Име на студија | Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 25.230.000,00 | 23.596.365,84 | 25.956.002,42 | 28.551.602,66 |
| Статус на реализација на проектот | Уредувањето на земјиштето претставува еден континуиран процес кој се одвива повеќегодишно и во повеќе фази | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Чашка и прилив од приходи по основ на продажба, давање под закуп и уредување на градежно земјиште, како и донации и проекти од заинтересирани правни и физички лица | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во процесите на уредување на градежното земјиште, изградба на комуналната инфраструктура како и учество во јавните расправи со што ќе се овозможи урбаните решенија да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Чашка, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

**Потпрограма за инвестициски градби за потребите на општина Чашка**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Урбанистичко планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Потпрограма за инвестициски градби | Инвестициски градби од интерес за општина Чашка | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Уредување на градежно земјиште со инвестициски градби во општина Чашка заради унапредување на квалитетот на живот на локалното население | | |
| Планирани активности | 1 -Изработка на дом на култура во нас.Чашка (прва фаза); 2 - Доградба на општинска зграда во нас.Чашка; 3 - Изградба на детска градинка во с.Мелница; 4 - Изградба(довршување) на спортска сала во с.Горно Јаболчиште – Општина Чашка | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Потребата од изградба на Дом на култура во нас.Чашка кој ќе биде од значење за Општина Чашка е се поизразена и нужна со цел да се обезбеди простор за заеднички и јавен живот на жителите на Општина Чашка, за да може Општина Чашка непречено и навремено да ги објавува своите обврски кои произлегуваат од надлежностите дефинирани во законските и подзаконски акти во РСМ непоходно е да се обезбеди безбеден и просечен по квалитет работен простор. Потребата од работна сила во регионот предизвика потреба од згрижување на децата од предшколска возраст за да може нивните родители непречно ги извршуваат работните задачи. За непречено одвивање на наставата во с.Горно Јаболчиште и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | овозможување на простор за спорт и рекреација пред се на младата популација од селата Горно и Долно Јаболчиште се планира довршување на спортската сала во с.Горно Јаболчиште во склоп на школскиот двор. | | | |
| Ризик и претпоставки | -Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; - Ненавремено завршување на јавните набавки; - Динамиката на извршувањето ќе зависи исто така од создадените правни и технички услови, склучените договори со инвеститорите, како и од приливот на средствата од надоместоците за градба, уредување и користење на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Чашка итн. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2028 | | | |
| Вкупна вредност | 158.647.631,17 | | | |
| Име на студија | Програма за инвестициски градби на општина Чашка | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 53.840.607,17 | 55.628.678,00 | 23.418.260,00 | 25.760.086,00 |
| Статус на реализација на проектот | Финансиската конструкција за довршување на Спортската сала во с.Горно Јаболчиште е затворена односно е обезбедено финансирањето со финансиски средства од Буџетот на РСМ – Министерство за транспорт и врски. За останатите активности финансиските средства ќе се обезбедат во текот на следните години од развојната програма | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Чашка, Влада на РСМ – Министерство за транспорт и врски | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во процесите на изградба на инвестициските градби, како и учество во јавните расправи со што ќе се овозможи урбаните решенија да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Чашка, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## 8.2. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Програмата за комунални дејности на општина Чашка има за цел унапредување на комуналната инфраструктура и подобрување на квалитетот на живот на населението, со посебен акцент на водоснабдувањето, одведувањето на отпадни води, управувањето со комуналниот отпад, одржувањето на јавната чистота и уредувањето на јавните површини. Преку реализација на планираните активности се создаваат услови за одржлив локален развој и подобрување на социјалните и економските услови во општината. Општината изготвува програми за комуналните дејности кои се во нејзина надлежност, согласно законските прописи и реалните потреби на локалната заедница.

**Потпрограма за јавно осветлување на подрачјето на општина Чашка**

| Име на буџетска програма | Комунални дејности | | Ознака на буџетска/општинска програма | |
|---|---|---|---|---|
| Потпрограма за одржување на јавна чистота | Одржување и развој на јавно осветлување | | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Општата цел на програмата е да се обезбеди квалитетно покривање со јавно осветлување како незанемарлива комунална услуга што ја нуди општината | | | |
| Планирани активности | - Набавка на материјали за одржување и сервис подобрување и проширување на мрежата за јавно осветлување, преку набавка на столбови, поставување на кабел и овесна опрема, светилки и автоматика за јавно осветлување; - Обезбедување на средства за плаќање на долгорочна обврска настаната при набавка на ЛЕД светлечки тела за јавно осветлување; - Инвестирање во декоративно осветлување итн. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Целта на оваа програмата е да се понуди што поквалитетна услуга на граѓаните преку подобрување на осветленоста на населените места т.е да се уништат таканаречените темни зони, намалување на дефектите или нивно што понавремено отклонување. | | | |
| Ризик и претпоставки | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2028 | | | |
| Вкупна вредност | 17.366.000,00 денари | | | |
| Име на студија | Програма за јавно осветлување | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 5.450.000,00 | 3.600.000,00 | 3.960.000,00 | 4.356.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Чашка, Министерство за животна средина и просторно планирање, спонзорства и донации, приходи од наплата итн. | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Јавното осветлување и енергетската ефикасност се од клучно значење за безбедно и слободно движење на граѓаните на целото подрачје на општина Чашка во секое време од денот и ноќта, а на таков начин се придонесува кон сигурноста и безбедноста на граѓаните, жените како и маргинализираните категории на граѓани. Намалувањето на енергетските расходи и зголемувањето на енергетската ефикасност исто така позитивно влијае врз економската состојба на граѓаните, а особено на социјално загрозените категории на граѓани. | | | |

## Потпрограма за одржување на јавна чистота на територијата на општина Чашка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | | |
| **Потпрограма за паркови и зеленило** | Потпрограма за одржување на јавна чистота | Ознака на развојна потпрограма | | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Со оваа програма за одржување на јавна чистота поблиску се уредуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиски средства за вршење на работите, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите за одржување на јавна чистота на територијата на општина Чашка. | | | |
| **Планирани активности** | 1 - Чистење со метење и миење на јавните површини, улици, тротоари, плоштади, пешачки патеки, паркиралишта, паркови и зеленила, уредени речни корита, видиковци, фонтани и сл; 2 – Собирање на сметот од садовите за отпад, нивно поставување, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови од јавните површини на територијата на Општина Чашка; 3 – Обезбедување и одржување на јавни санитарни јазли итн. | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Редовно одржување на чистотата на јавните површини на целата територија на општина Чашка | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 8.400.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за одржување на јавна чистота | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.200.000,00 | 2.200.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Чашка, спонзорства и донации, проекти итн. | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Одржувањето на јавната чистота, собирањето на отпадот, зимското одржување на јавните површини и обезбедувањето јавни санитарни јазли имаат значајна поврзаност со родовата еднаквост, бидејќи обезбедуваат еднаков и безбеден пристап до јавните простори за сите граѓани. Жените, особено мајките, повозрасните жени и лицата кои се грижат за други членови на семејството, почесто ги користат јавните површини, пешачките патеки и парковите во текот на денот, па редовното чистење, навременото отстранување на снег и мраз и достапноста на санитарни | | | |

| | |
|---|---|
| | јазли директно влијаат врз нивната безбедност, мобилност и здравје. Чистите и одржувани јавни простори го намалуваат ризикот од повреди и чувство на несигурност, го олеснуваат секојдневното движење и овозможуваат активно учество на жените и мажите во јавниот и социјалниот живот на заедницата. Затоа, комуналните дејности не се само техничка обврска, туку и важен инструмент за унапредување на родовата еднаквост и квалитетот на живот. |

## Потпрограма за одржување на јавното зеленило на територијата на општина Чашка

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за паркови и зеленило** | Потпрограма за одржување на јавното зеленило | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Оваа програма е насочена кон одржување на зеленилото во парковските површини, улиците, површини во склоп на колективни згради и нивни влезови и други помали зелени површини заради хортикултурно уредување, високо естетско оплеменување на просторот и урбан изглед на градот населбите и населените места на територијата на општина Чашка | | |
| **Планирани активности** | 1 - Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) поливање на зелени површини; 2 - Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање дрвореди со цистерна; 3 - Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и плевење и кроење на рози; 4 - Подигање на зеленило, кое што опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти итн. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Високо естетско оплеменување на просторот и урбан изглед на градот населбите и населените места на територијата на општина Чашка | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | |
| **Вкупна вредност** | 8.400.000,00 денари | | |
| **Име на студија** | Програма за одржување на јавно зеленило | | |

| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 1.320.000,00 | 1.452.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Чашка, спонзорства и донации, проекти итн. | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Одржувањето на јавното зеленило има важна улога во унапредувањето на родовата еднаквост, бидејќи обезбедува безбедни, достапни и пријатни простори за сите граѓани, без разлика на пол. Жените почесто ги користат парковите и зелените површини за рекреација, прошетки, грижа за деца и дружење, па редовното чистење, одржување на тревници, патеки и осветлување директно влијае врз нивната безбедност и мобилност. Квалитетните и одржувани зелени површини го намалуваат ризикот од несигурност и насилство, го поттикнуваат учеството на жените во заедницата и промовираат еднаков пристап до простори за спорт, одмор и социјализација. | | | |

## Потпрограма за уредување на јавни површини на територијата на општина Чашка

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Потпрограма за паркови и зеленило** | Потпрограма за уредување на јавни површини | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Програмата е насочена кон уредување, одржување, санација на јавните површини и објектите кои се наогаат на истите заради оплеменување на просторот и урбан изглед на населбите и населените места на територијата на Општина Чашка | | |
| **Планирани активности** | Извршување на услуги и работи со градежни машини и друг вид на возила и механизација кои се неопходни за уредување, одржување, санација на јавните површини и објектите кои се наогаат на истите за сите населени места на териоторијата на Општина Чашка | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Естетски уредени јавни површини во сите населби и населените места на територијата на општина Чашка | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | |
| **Вкупна вредност** | 8.900.000,00 денари | | |

| Име на студија | Програма за уредување на јавни површини | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 2.700.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.200.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Чашка, спонзорства и донации, проекти итн. | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Програмата за уредување на јавни површини е родово респонзивна бидејќи ги зема предвид различните потреби на жените и мажите при користење на јавниот простор. Безбедни, добро осветлени, чисти и пристапни јавни површини овозможуваат еднаков пристап до услуги, рекреација и социјален живот, особено за жените, децата, повозрасните лица и лицата со попреченост. Со тоа се поттикнува активно учество на сите граѓани во заедницата и се унапредува родовата еднаквост на локално ниво | | | |

## Потпрограма за зимско одржување на јавните патишта и улици на територијата на општина Чашка

| Име на буџетска програма | Комунални дејности | Ознака на буџетска/општинска програма | |
|---|---|---|---|
| Потпрограма за паркови и зеленило | Потпрограма за зимско одржување на јавните патишта и улици | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Со оваа Програма се утврдуваат работите за зимско оддржување на јавните патишта на подрачјето на Општина Чашка, како и работите за оддржување на комуналните објекти, тротоарите, патеките и другите јавни површини. | | |
| Планирани активности | 1 - Чистење на снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите, патеките и и други јавни површини; 2- Посипување на коловозот со сол или аброзивни средства во осојничавите места, мостовите и делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот; 3 - Работите на расчистување на јавните патишта и улици се изведуваат на начин кој обезбедува постојана проодност итн. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Чисти и проодни локални и регионални патишта на територијата на општина Чашка | | |
| Ризик и претпоставки | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со дел од планираните активности (јавни набавки и сл.); 3 – Пролонгирање на активностите; 4– Надминување на финансиска конструкција и сл. | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 4.200.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за зимско одржување на јавните патишта и улици | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Тековна годишна реализација на програмата и планираните активности | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Чашка, спонзорства и донации, проекти итн. | | | |
**Tабела 12: Вкупно доселени граѓани во Општина Чашка Извор: Статистички годишник 2023 година, Државен завод за статистика)**

| ЧАШКА | | ДОСЕЛЕНИ | | |
|---|---|---|---|---|
| | Година | Вкупно доселени | Машки | Женски |
| | 2022 | 32 | 7 | 25 |
| | 2023 | 26 | 6 | 20 |

**Табела 13: Вкупно доселени граѓани, брачна состојба Општина Чашка, Извор Статистички годишник 2023 година Државен завод за статистика**

| ЧАШКА | | БРАЧНА СОСТОЈБА | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | година | Неженет-немажена | Женет-мажена | Вдовец-вдовица | Разведен-разведена |
| | 2022 | 1 | 28 | - | 3 |
| | 2023 | - | 25 | 1 | 1 |

**Табела 14: Вкупно доселени граѓани според возраст Општина Чашка ( Извор Статистички годишник 2023 година, Државен завод за статистика)**

| ЧАШКА | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Година | 0-14 | 15-29 | 30-64 | 65 и повеќе |
| | 2022 | - | 15 | 16 | 1 |
| | 2023 | - | 14 | 9 | 3 |

**Tабела 15: Вкупно отселени граѓани во Општина Чашка Извор: Статистички годишник 2023 година, Државен завод за статистика)**

| ЧАШКА | | ОТСЕЛЕНИ | | |
|---|---|---|---|---|
| | Година | Вкупно отселени | Машки | Женски |
| | 2022 | 54 | 16 | 38 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 60 | 20 | 40 |

**Табела 16: Вкупно отселени граѓани , брачна состојба Општина Чашка , Извор Статистички годишник 2023 година Државен завод за статистика**

| ЧАШКА | | БРАЧНА СОСТОЈБА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Година | Неженет-немажена | Женет-мажена | Вдовец-вдовица | Разведен-разведена | непознато |
| | 2022 | 10 | 41 | - | 2 | 1 |
| | 2023 | 27 | 29 | 1 | 2 | - |

**Табела 17: Вкупно отселени граѓани според возраст Општина Чашка ( Извор Статистички годишник 2023 година, Државен завод за статистика)**

| ЧАШКА | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Година | 0-14 | 15-29 | 30-64 | 65 и повеќе |
| | 2022 | - | 29 | 24 | 1 |
| | 2023 | - | 26 | 31 | 3 |

## АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

На територијата на општина Чашка има вкупно 1.189 активни вработени жители од кои што 828 се мажи, а 361 се жени при што може да се забележи голема разлика во однос на вработеноста кај мажите и жените. Според занимањето и во областа каде што го стекнале образованието работат вкупно 1940 лица од кои 1270 мажи и 643 жени.

Според АВРМ, пак, бројот на невработени лица заклучно со 31.12.2024 година изнесува 1074 од кои повеќе од половината или 571 се жени додека пак споредено со трендот од претходните години (2021-2023) има пад на бројот на невработени лица на територија на општината. Заклучно со истиот период 31.12.2024 активни баратели на работа биле 867 од кои 451 жени и 207 пасивни баратели на работа од кои 120 се жени.

Според возрасната структура бројот на невработени лица е најголем кај возрасните категории од 19-50 години, додека пак според етничката припадност поголем е бројот на невработени кои се припадници на албанската етничка заедница.

**Табела 18: Работноспособно население АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ ВРАБОТЕНИ според возраста и по пол Општина Чашка**

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **15-19** | 14 | 12 | 2 |
| **20-24** | 108 | 67 | 41 |
| **25-29** | 170 | 125 | 45 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30- 34 | 146 | 102 | 44 |
| 35-39 | 149 | 98 | 51 |
| 40-44 | 151 | 102 | 49 |
| 45-49 | 154 | 103 | 51 |
| 50-54 | 150 | 108 | 42 |
| 55-59 | 90 | 65 | 25 |
| 60-64 | 42 | 36 | 6 |
| 65+ | 15 | 10 | 5 |
| **АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ ВКУПНО** | **1189** | **828** | **361** |

**Табела 19: Работноспособно население АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ НЕВРАБОТЕНИ според возраста и економската активност, по пол Општина Чашка**

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 28 | 23 | 5 |
| 20-24 | 82 | 67 | 15 |
| 25-29 | 60 | 47 | 13 |
| 30- 34 | 56 | 46 | 10 |
| 35-39 | 46 | 35 | 11 |
| 40-44 | 37 | 32 | 5 |
| 45-49 | 34 | 27 | 7 |
| 50-54 | 29 | 22 | 7 |
| 55-59 | 15 | 12 | 3 |
| 60-64 | 6 | 6 | - |
| 65+ | - | - | - |
| **АКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ НЕВРАБОТЕНИ ВКУПНО** | **393** | **317** | **76** |

**Табела 20: ВКУПНО Работноспособно население на возраст од 15+години, според возраста и по пол во Општина Чашка**

| Возрасна група | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 485 | 229 | 256 |
| 20-24 | 307 | 136 | 171 |
| 25-29 | 271 | 95 | 176 |
| 30- 34 | 317 | 118 | 199 |
| 35-39 | 279 | 105 | 174 |
| 40-44 | 283 | 111 | 172 |
| 45-49 | 256 | 99 | 157 |
| 50-54 | 237 | 94 | 143 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **55-59** | 276 | 124 | 152 |
| **60-64** | 354 | 153 | 201 |
| **65+** | 1157 | 576 | 581 |
| **ВКУПНО** | **4222** | **1840** | **2382** |

**Табела 21: Активно население на возраст од 15 години и повеќе , кое врши занимање според дејноста, пол во Општина Чашка , Попис 2021**

| | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Општи програми и квалификации** | **380** | **288** | **92** |
| **Образование** | **78** | **43** | **35** |
| **Уметност и хуманистички науки** | **51** | **35** | **16** |
| **Општествени науки, новинарство и информирање** | **348** | **222** | **126** |
| **Бизнис администрација и право** | **111** | **58** | **53** |
| **Природни науки , математика и статистика** | **74** | **31** | **43** |
| **Информатичко – комуникациски технологии** | **33** | **29** | **4** |
| **Инженерство, производство и градежништво** | **401** | **316** | **85** |
| **Земјоделство, шумарство , рибарство и ветерина** | **71** | **62** | **9** |
| **Здравство и социјална заштита** | **84** | **23** | **61** |
| **Услуги** | **111** | **74** | **37** |
| **Непознато** | **198** | **116** | **82** |
| **ВКУПНО ПОЛЕ НА ОБРАЗОВАНИЕ** | **1940** | **1297** | **643** |

**НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА во Општина Чашка** *(Извор Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за вработување Велес)*

**Табела 22: Вкупно невработени лица во Општина Чашка**

| | Вкупно невработени лица | |
|---|---|---|
| **Состојба** | **вкупно** | **Жени** |
| 31.12.2021 | 1247 | 612 |

| | | |
|---|---|---|
| 31.12.2022 | 1131 | 568 |
| 31.12.2023 | 1130 | 582 |
| 31.12.2024 | 1074 | 571 |

**Табела 23: Преглед на евидентирани Вкупно, невработени лица и други лица кои бараат работа, според пол**

| | Активни баратели на работа | | Пасивни баратели на работа | |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба** | **вкупно** | **Жени** | **вкупно** | **Жени** |
| 31.12.2021 | 953 | 454 | 294 | 158 |
| 31.12.2022 | 903 | 444 | 228 | 124 |
| 31.12.2023 | 891 | 441 | 239 | 141 |
| 31.12.2024 | 867 | 451 | 207 | 120 |

## Невработени лица со состојба 31.12.2021 година

**Табела 24: Преглед на невработени лица, според степен на образование и пол**

| | Активни баратели | | Пасивни баратели | |
|---|---|---|---|---|
| **31.12.2021** | **Вкупно** | **Жени** | **Вкупно** | **Жени** |
| **Без образование и со основно образование** | 809 | 415 | 230 | 132 |
| **Непотполно средно образование** | 36 | 9 | 14 | 5 |
| **Завршено средно образование** | 103 | 29 | 46 | 18 |
| **Више образование** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Високо образование** | 4 | 1 | 3 | 2 |
| **Магистри на науки** | 1 | 0 | 1 | 1 |
| **Доктори на науки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **953** | **454** | **294** | **158** |

**Табела 25: Преглед на евидентирани невработени лица според возраст и пол**

| **Состојба 31.12.2021** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **953** | **се** | **294** |
| | **жени** | **454** | **жени** | **158** |
| Од 15 - 19 год | се | 17 | се | 8 |
| | жени | 7 | жени | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Од 20 -24 год | се | 95 | се | 23 |
| | жени | 52 | жени | 13 |
| Од 25- 29 год | се | 111 | се | 25 |
| | жени | 68 | жени | 17 |
| Од 30 – 34 год | се | 119 | се | 44 |
| | жени | 53 | жени | 22 |
| Од 35- 39 год | се | 98 | се | 42 |
| | жени | 46 | жени | 21 |
| Од 40- 44 год | Се | 112 | Се | 48 |
| | жени | 56 | жени | 22 |
| Од 45 до 49 год | се | 109 | се | 31 |
| | жени | 57 | жени | 13 |
| Од 50 до 54 год | Се | 102 | Се | 35 |
| | жени | 47 | жени | 23 |
| Од 55- 59 год | се | 113 | се | 16 |
| | жени | 51 | жени | 9 |
| Од 60 год и повеќе | се | 77 | се | 22 |
| | жени | 7 | жени | 12 |

**Табела 26: Невработени лица, според степен етничка припадност и пол, вкупно**

| **Состојба 31.12.2021** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **953** | **се** | **294** |
| | **жени** | **454** | **жени** | **158** |
| **Македонци** | се | 345 | се | 140 |
| | жени | 157 | жени | 83 |
| **Албанци** | се | 494 | се | 130 |
| | жени | 242 | жени | 60 |
| **Турци** | се | 39 | се | 9 |
| | жени | 18 | жени | 7 |
| **Роми** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 1 | жени | 0 |
| **Срби** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Власи** | Се | 0 | Се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Бошњаци** | се | 3 | се | 1 |
| | жени | 3 | жени | 0 |
| **Други** | Се | 70 | Се | 14 |
| | жени | 33 | жени | 8 |

## Невработени лица со состојба 31.12.2022 година

### Табела 27: Преглед на невработени лица, според степен на образование и пол

| | Активни баратели | | Пасивни баратели | |
|---|---|---|---|---|
| **31.12.2022** | **Вкупно** | **Жени** | **Вкупно** | **Жени** |
| **Без образование и со основно образование** | 761 | 402 | 178 | 104 |
| **Непотполно средно образование** | 38 | 10 | 11 | 4 |
| **Завршено средно образование** | 97 | 28 | 37 | 15 |
| **Више образование** | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Високо образование** | 6 | 4 | 1 | 0 |
| **Магистри на науки** | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Доктори на науки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **903** | **444** | **228** | **124** |

### Табела 28: Преглед на евидентирани невработени лица според возраст и пол

| **Состојба 31.12.2022** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **903** | **се** | **228** |
| | **жени** | **444** | **жени** | **124** |
| Од 15 - 19 год | се | 22 | се | 3 |
| | жени | 16 | жени | 1 |
| Од 20 -24 год | се | 82 | се | 22 |
| | жени | 47 | жени | 16 |
| Од 25- 29 год | се | 94 | се | 25 |
| | жени | 51 | жени | 16 |
| Од 30 – 34 год | се | 103 | се | 26 |
| | жени | 54 | жени | 10 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Од 35- 39 год | се | 101 | се | 25 |
| | жени | 46 | жени | 13 |
| Од 40- 44 год | Се | 118 | Се | 30 |
| | жени | 60 | жени | 14 |
| Од 45 до 49 год | се | 112 | се | 27 |
| | жени | 56 | жени | 15 |
| Од 50 до 54 год | Се | 106 | Се | 34 |
| | жени | 54 | жени | 21 |
| Од 55- 59 год | се | 105 | се | 13 |
| | жени | 48 | жени | 8 |
| Од 60 год и повеќе | се | 60 | се | 23 |
| | жени | 12 | жени | 10 |

**Табела 29: Невработени лица, според степен етничка припадност и пол**

| **Состојба 31.12.2022** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **903** | **се** | **228** |
| | **жени** | **444** | **жени** | **124** |
| **Македонци** | се | 335 | се | 120 |
| | жени | 163 | жени | 66 |
| **Албанци** | се | 465 | се | 92 |
| | жени | 233 | жени | 48 |
| **Турци** | се | 40 | се | 4 |
| | жени | 18 | жени | 3 |
| **Роми** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 1 | жени | 0 |
| **Срби** | се | 0 | се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Власи** | Се | 0 | Се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Бошњаци** | се | 2 | се | 0 |
| | жени | 2 | жени | 0 |
| **Други** | Се | 60 | Се | 12 |
| | жени | 27 | жени | 7 |

**Невработени лица со состојба 31.12.2023 година**

**Табела 30: Преглед на невработени лица, според степен на образование и пол**

| | Активни баратели | | Пасивни баратели | |
|---|---|---|---|---|
| **31.12.2023** | **Вкупно** | **Жени** | **Вкупно** | **Жени** |
| **Без образование и со основно образование** | 766 | 407 | 191 | 120 |
| **Непотполно средно образование** | 27 | 6 | 14 | 4 |
| **Завршено средно образование** | 96 | 26 | 31 | 15 |
| **Више образование** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Високо образование** | 2 | 2 | 2 | 1 |
| **Магистри на науки** | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Доктори на науки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **891** | **441** | **239** | **141** |

**Табела 31: Преглед на евидентирани невработени лица според возраст и пол**

| **Состојба 31.12.2023** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **891** | **се** | **239** |
| | **жени** | **441** | **жени** | **141** |
| Од 15 - 19 год | се | 21 | се | 5 |
| | жени | 12 | жени | 4 |
| Од 20 -24 год | се | 73 | се | 17 |
| | жени | 46 | жени | 13 |
| Од 25- 29 год | се | 98 | се | 18 |
| | жени | 58 | жени | 12 |
| Од 30 – 34 год | се | 94 | се | 38 |
| | жени | 46 | жени | 21 |
| Од 35- 39 год | се | 110 | се | 23 |
| | жени | 60 | жени | 16 |
| Од 40- 44 год | Се | 126 | Се | 36 |
| | жени | 62 | жени | 17 |
| Од 45 до 49 год | се | 115 | се | 31 |
| | жени | 47 | жени | 18 |
| Од 50 до 54 год | Се | 99 | Се | 33 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | жени | 49 | жени | 19 |
| Од 55- 59 год | се | 111 | се | 20 |
| | жени | 53 | жени | 13 |
| Од 60 год и повеќе | се | 44 | се | 18 |
| | жени | 8 | жени | 8 |

**Табела 32: Невработени лица, според степен етничка припадност и пол**

| **Состојба 31.12.2023** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **891** | **се** | **239** |
| | **жени** | **441** | **жени** | **141** |
| **Македонци** | се | 309 | се | 118 |
| | жени | 154 | жени | 69 |
| **Албанци** | се | 479 | се | 103 |
| | жени | 238 | жени | 60 |
| **Турци** | се | 39 | се | 4 |
| | жени | 19 | жени | 3 |
| **Роми** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 1 | жени | 0 |
| **Срби** | се | 0 | се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Власи** | Се | 0 | Се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Бошњаци** | се | 2 | се | 1 |
| | жени | 2 | жени | 0 |
| **Други** | Се | 61 | Се | 13 |
| | жени | 27 | жени | 9 |

## Невработени лица со состојба 31.12.2024 година

**Табела 33: Преглед на невработени лица, според степен на образование и пол**

| | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| **31.12.2024** | **Вкупно** | **Жени** | **Вкупно** | **Жени** |
| **Без образование и со основно образование** | 747 | 420 | 168 | 96 |
| **Непотполно средно образование** | 29 | 7 | 9 | 5 |
| **Завршено средно образование** | 89 | 23 | 27 | 16 |
| **Више образование** | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Високо образование** | 2 | 1 | 2 | 2 |
| **Магистри на науки** | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Доктори на науки** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **867** | **451** | **207** | **120** |

**Табела 34: Преглед на евидентирани невработени лица според возраст и пол**

| **Состојба 31.12.2024** | **Активни баратели** | | **Пасивни баратели** | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **867** | **се** | **207** |
| | **жени** | **451** | **жени** | **120** |
| Од 15 - 19 год | се | 27 | се | 2 |
| | жени | 16 | жени | 1 |
| Од 20 -24 год | се | 73 | се | 14 |
| | жени | 53 | жени | 11 |
| Од 25- 29 год | се | 82 | се | 16 |
| | жени | 38 | жени | 11 |
| Од 30 – 34 год | се | 93 | се | 26 |
| | жени | 52 | жени | 15 |
| Од 35- 39 год | се | 103 | се | 21 |
| | жени | 60 | жени | 13 |
| Од 40- 44 год | Се | 111 | Се | 32 |
| | жени | 56 | жени | 17 |
| Од 45 до 49 год | се | 115 | се | 31 |
| | жени | 54 | жени | 14 |
| Од 50 до 54 год | Се | 115 | Се | 19 |
| | жени | 58 | жени | 14 |
| Од 55- 59 год | се | 107 | се | 28 |
| | жени | 57 | жени | 16 |
| Од 60 год и повеќе | се | 41 | се | 18 |
| | жени | 7 | жени | 8 |

**Табела 35: Невработени лица, според степен етничка припадност и пол вкупно**

| Состојба 31.12.2024 | Активни баратели | | Пасивни баратели | |
|---|---|---|---|---|
| вкупно | **се** | **867** | **се** | **207** |
| | **жени** | **451** | **жени** | **120** |
| **Македонци** | се | 290 | се | 100 |
| | жени | 149 | жени | 63 |
| **Албанци** | се | 477 | се | 81 |
| | жени | 252 | жени | 43 |
| **Турци** | се | 39 | се | 9 |
| | жени | 20 | жени | 6 |
| **Роми** | се | 1 | се | 0 |
| | жени | 1 | жени | 0 |
| **Срби** | се | 0 | се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Власи** | Се | 0 | Се | 0 |
| | жени | 0 | жени | 0 |
| **Бошњаци** | се | 2 | се | 1 |
| | жени | 2 | жени | 1 |
| **Други** | Се | 58 | Се | 16 |
| | жени | 27 | жени | 7 |

## АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

### Предучилишно образование во Општина Чашка

Јавна општинска установа за деца детска градинка „Бамби“ е основана на 29.12.2020 година со Одлука на Советот на Општина Чашка.

Својата дејност Установата ја реализира во една организациона единица во Општина Чашка. Објектот е лоциран на ул. “8-ми Септември” ББ во Населба Чашка. Објектот е адаптиран, но ги исполнува нормативите и стандардите за згрижување на деца од предучилишна возраст. Нето корисната површина изнесува 180 м2 покриена, и 481 м2 дворна површина. Моментално, Установата има услови за две хетерогени групи со вкупен капацитет од 36 деца. Општина Чашка веќе во целост има подготвено јаслена група во други просторни услови. Останува да излезе комисија од МСПДМ, да добиеме Решение за вршење на дејност и во тој простор и да се обезбедат финансиски согласности за вработување на два негуватели, затоа што во буџет веќе се предвидени средства за почеток со функционирање на јаслената група.

Јаслената група се предвидува да биде хетерогена и да има капацитет од 10-12 деца на возраст од 9 до 24 месеци. Со истото би се задоволиле потребите на младите родители за згрижување на нивните деца со што тие би можеле да бидат активни на

пазарот на труд, обезбедувајќи поголем буџет за семејството, а во исто време децата да добијат соодветно згрижување, нега и воспитување заедно со своите врсници.

Во овој момент, во двете постоечки групи има запишано 37 деца, со што капацитетот е сосема исполнет. Од нив 18 се машки, 19 се женски. Од нив 8 се на годишна возраст до 3 години, останатите 29 деца се на возраст од 3-6 години. Расте трендот на запишани деца во градинка во периодот од 2021-2025 година, па од 15 стигнува дури и до 41 запишано дете.

Трендот на запишани деца во минатите три учебни години:

*Учебна година 2021/2022*




*Учебна година 2022/2023*




*Учебна година 2023/2024*




Во 2025 година трендот на запишани деца според месеци е:

- Јануари 2025 – 36
- Февруари 2025 – 37
- Март 2025- 36
- Април 2025 – 37

**Табела 36: Вработени лица во „ Бамби“ / мажи / жени/ определено/ неопределено време (Извор: Јавна општинска установа за деца детска градинка „ Бамби“ )**

| Вработени лица на неопределно време | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 9 | 1 | 8 |

**Табела 37: Вработено лице на определено време во Бамби**

| Вработени лица на определно време | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 1 | / | 1 |

**Табела 38 : Распоредени лица по работни места**

| Работни места | Мажи | жени |
|---|---|---|
| Директор | | 1 |
| Даватели на услуги | | 4 |
| Технички персонал | 1 | 3 |
| Административен работник | | 1 |

**Основно образование во општина Чашка**

Основното образование во општина Чашка се реализира во три основни училишта.

1. ООУ„ Тодор Јанев“ во Населба Чашка и Мелница
2. ООУ„ Петар Поп Арсов„ во Богомила, Извор, Согле
3. ООУ „ Лирија„ Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште и Горно Врановци

Во овие училишта од прво до деветто одделение во учебната 2023/2024 се запишани вкупно 1204 ученици од кои девојчиња се 589, а момчиња 615. Околу 200 ученици секоја учебна година имаат и редовен обезбеден превоз до училиштата со оглед на тоа што учениците доаѓаат и од селата и руралните области во општината.

Интересен е податокот дека во училиштата поголем е бројот на вработени мажи во наставно-образовниот процес отколку на жените. Во учебната 2023/2024 во трите основни училишта имало вкупно вработени 118 од кои што 75 се мажи, а 43 се жени.

**Табела 39: Ученици во редовни основни училишта, по пол, на почеток на учебна година (Извор Државен завод за статистика)**

| | | Ученици | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| година | | 2023/2024 | 2022/2023 | 2021/2022 | 2020/2021 |
| вкупно | се | 1204 | 1177 | 1185 | 1176 |
| | жени | 589 | 588 | 579 | 561 |
| | мажи | 615 | 589 | 606 | 615 |

**Табела 40: Ученици во основни училишта во Општина Чашка, по пол ( Извор База на податоци МАКСТАТ, Државен завод за статистика)**

| ученици во Чашка во учебна година | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 1204 | 589 | 615 |
| 2022/2023 | 1177 | 588 | 589 |
| 2021/2022 | 1185 | 579 | 606 |

**Табела 41: Ученици на кои им е обезбеден превоз до редовните основни училишта, по одделение, во Општина Чашка по учебна година**

| | Ученици | | |
|---|---|---|---|
| година | 2023/2024 | 2022/2023 | 2021/2022 |

| вкупно | се | 211 | 202 | 118 |
|---|---|---|---|---|
| | I - V | 60 | 69 | 60 |
| | VI - IX | 151 | 133 | 58 |

**Табела 42 : Наставници во основни училишта во Општина Чашка, по пол ( Извор База на податоци МАКСТАТ, Државен завод за статистика)**

| Наставници во Чашка во учебна година | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 118 | 43 | 75 |
| 2022/2023 | 117 | 47 | 70 |
| 2021/2022 | 119 | 57 | 62 |

**Култура и спорт**

Стратешко географската положба на општина Чашка придонела да овие простори бидат населени уште од праисториско време. Доказ за ова се големиот број на археолошки наоѓалишта и културно-историски спомен обележја во близината на Чашка, Голозинци, Извор, Отиштино и др. Најголем дел од најдените предмети се од младата камена епоха-неолитот и овие предмети се наоѓаат во Народниот музеј во Велес. На нашата територија има голем број на споменици на културата кои се заштитени од Министерството за Култура. Исто така овде живееле и твореле многу значајни личности, кои дале голем придонес во сите сфери на животот на територијата на целата република.

Општина Чашка нема Дом на култура. Истиот ќе се гради во следниот период со средствата кои што Владата на РСМ, односно Министерството за локална самоуправа, ги доделуваше преку унгарскиот кредит за јакнење на капацитетите на општините. Културни манифестации кои што се организираат на територијата на општината се следните:

**Компиријада**

Првата манифестација “КОМПИРИЈАДА” се оддржа во 2010 година. Секоја година во зависност од временските услови во месеците октомвр- ноември се оддржува манифестацијата во село Горно Јаболчиште.

Имено манифестацијата е во организација на Општина Чашка и ООУ „Лирија“ Горно Јаболчиште. Локалните производители на компири, овчо сирење, јаболка ,дуњи имаат можност своите производи да ги понудат на посетителите, гостите во местото каде се произведуваат.

Посетителите, гостите имаат можност да го посетат Горно Јаболчиште и на лице место ги видат природните убавини и воедно купат производи од лице место каде и се произведуваат. Земјоделците своите производи најчесто ги носат на пазарите во Велес.

Манифестацијата е само дел од имплементацијата на Стратегијата за локален економски развој на Општина Чашка во однос на промоција на општината.

**Саем на здрава храна**

Манифестацијата се воспостави за првпат во 2006 год во организација на ООУ„Петре Поп Арсов“ Богомила. Денес е манифестација на ООУ„ Петер Поп Арсов“ Богомила и Општина Чашка. Настанот има за цел промовирање на храна од здрава и чиста еколошка средина.

Манифестацијата се одржува секоја година во населените места на АЗОТ се со цел да се промовираат сите населни места.

Општина Чашка е исклучително чиста и еколошка здрава животна средина, без чад од индустриски оџаци, редок сообраќај, но богата со чисти и ладни води, плодни ниви.

Посетителите имаат можност да поминат еден ден во здрава чиста еколошка средина, запознавајќи ги земјоделските производи од селата Стариград, Теово, Согле, Богомила, Ореше, Нежилово, Извор, Мартолци и Оморани. Посетителите имаат можност да ги дегустираат локалните специјалитети подготвени од вештите раце на мајките и бабите, да ја запознаат народната традиција карактеристична за овој крај, како и можност да бидат во контакт во локалните земјоделци кои ги произведуваат овие специјалитети.

Нашиот крај се одликува со благи зими и свежи лета, кои се добар предуслов за одгледување на разновидни растенија-овошје и зеленчук, шумски плодови и многубројни лековити растенија.

Од градинарските растенија посебно треба да го истакнеме богомилското гравче.Друг производ кој потекнува од оваа еколошки чиста и здрава средина е компирот. Посебно треба да се истакне одгледувањето на повеќе видови на пиперки на подрачјето на селата Теово, Мартолци и Извор. Во подрачјето на Азот многу ги има и оревите, бадемите и лешниците кои се корисни во во исхраната на човекот. Шумските плодови како што се печурките, капините, шипките, боровинките имаат важно место во исхраната на човекот, посебно печурките-вргањ, кои воедно претставуваат извор за егзистенција – опстанок на многу луге од овој крај.

Добрите климатски услови овозможуваат одгледување на пчели и произведување на многу квалитетен мед. Ливадите, пасиштата и шумите исто така овозможуваат да се одгледува крупен и ситен добиток и живина. Добиеното млеко и млечните производи, месото и јајцата наоѓаат важно место во исхраната на човекот. Поради бистрите и ладни води, на реката Бабуна во селото Нежилово се изградени рибници, каде се одгледува рибата пастрмка.

**Детска ликовна колонија**

За првпат се воспоставува од 2008 год каде децата од основните училишта од Чашка, Велес и Градско со наставниците, менторите имаа можност да се инспирииraат од природните убавини.

Од година во година станува препознатлива манифестација не само како регионална, туку манифестација со државен карактер. Денес, манифестацијата е во организација на ООУ„ Тодор Јанев" Населба Чашка и Општина Чашка. Сите учесници на од детската ликовна колонија добиваат признанија за учество. Целта на манифестацијата е да учесниците ги запознаат природните убавини на нашата општина, која се наоѓа во центарот на Македонија. На оваа манифестација им даваме можност да ја изразат својата креативност, своите уметнички квалитети и ликовни вештини.

Општината изобилува со многу пејсажи, природни убавини и карактеристични мотиви кои го привлечат вниманието на учесниците кои го пренесуваат на сликарското платно и од оваа колонија произлегуваат многу успешни детски цртежи, кои останувaат во нашиот ликовен фонд, а за нив ова е искуство повеќе но и поттик за понатамошно ликовно творештво.

**Културно историски обележја**

Во историјата на нашето минато Општина Чашка завзема значајно место на полето на одвивањето на културните и историските настани.Поради тоа не е случајно што на просторот на општината има подигнато голем број на споменици, спомен плочи и бисти поврзани со подалечното и поблиското културно и историско минато на настани и личности.

Во регистарот на меморијални споменици и спомен обележја на територијата на општина Чашка, кои се заштитени од Министерството за култура се:

1. **Камен мост од турскиот период на река Бабуна – с.Богомила**

На влезот на село Богомила на реката Бабуна се наоѓа стар камен мост кој потекнува од турскиот период. Мостот е граден од камен и се наоѓа во добра состојба.

2. **Куќа на Петре Поп Арсов – с.Богомила , со етнолошка поставка на предмети од Азот**

Спомен куќа на Петре Поп Арсов Петар Поп Арсов е еден од основачите на македонското револуционерно движење од крајот на 19 век. Тој е еден од основачите на ТМОРО, а воедно е член на потесното раководство на организацијата како член на ЦК на ТМОРО.

Оваа етнолошка поставка е поствена во 2024 година. Истата е составена од етнолошки предмети кои ја претставуваат материјалната и духовната култура на населението од пределот Азот,Општина Чашка. Предметите се изработени од дрво, керамика, текстил, стакло, метал. Изложени се традиционални метални, дрвени, текстилни и керамички покуќнински предмети кои се употребувале во домаќинството како котле, врчви, стомни, калници, качиња, корита, ковчег, разбој и др. Традиционални дрвени и метални предмети и алатки кои се користеле во народното стопанство како рало, крлак, јарем, сврдел, вила, срп, кош и др. Традиционални текстилни предмети како народна носија, бовчи (скутини), ќилими и др. Сите овие етнолошки предмети се едни од најрепрезентативните предмети од регионот Азот, преку кои се прикажува етничката состојба на населението.

Оваа етнолошка поставка е направена со цел фондот на етнолошките предмети да се презентира пред поширокаta домашна и меѓународна јавност а воедно и посетителите да се запознаат со традиционалниот начин на живеење на населението од регионот Азот, и тоа преку предметите кои се користеле за изведување на разни обичаи, традиции и ритуали кои се белег на Азот.

## 3. Село Горно Врановци – како целина

Селото по својата местоположба има одлична можност за развој на селскиот и планинскиот туризам. На темелите на старата училишна зграда се наоѓа хотелот Врановци која за жал не функционира. Во селото има изградено и викенд населба. Селото со законот за меморијални споменици и спомен обележја е заштитено во целина.

## 4. Куќа седиште на Президиумот на АСНОМ – с.Горно Врановци

Во село Г. Врановци во куќата во која престојувале највисоките извршно-политички и воени тела на Македонија, од почетокот на септември до почетокот на ноември претворена е во меморијален музеј.

Дејноста на Президиумот на АСНОМ за време на престојот во Г.Врановци била доста голема и битна. Пред призидиумот биле поставени низа задачи кои требало да се решаваат во штотуку создадената млада македонска држава. Тука се подготвувани и донесени значајни законодавни акти, како решенија и одлуки од областа на стопанството, социјалната политика, градежништвото, сообраќајот и др.

## 5. Куќа седиште на Главниот штаб- Печатница – с.Горно Врановци

Во село Г. Врановци има меморијален музеј каде бил сместен Генералниот штаб на НОВ и ПОМ. Дејствувањето на ГШ е од големо стратешко значење бидејќи било насочено кон извршување на актуелните и сложени политички задачи. Голема е улогата

на ГШ бидејќи активностите биле насочени кон јакнење на братството и единството и ефикасното раководење и организирање на политичкиот живот во Македонија.

За време на престојот на највисоките државни, портиски и воени органи од посебно значење е работењето на печатницата Гоце Делчев, сместена во куќа во село Г.Врановци. Уште од почетокот тука се печатело разновиден пропаганден матерјал,списанија,брошури за потребите на органите на власта, партијата и воените единици.

**6. Куќа седиште на Централниот комитет – с.Горно Врановци**

**7. Џамија-1944 година, Партизанска болница – с.Горно Врановци**

Во село Г.Врановци на селската џамија поставена е спомен плоча со што е обележан објектот кој бил користен за сместување на ранети и болни борци т.е. главната болница на НОВ и ПОМ. Во почетокот болницата располагала со многу мал број на лица и помошен материјал. Покасно по екипирањето биле задоволени потребите на болницата, во која работеле во три одделенија (хирушко, интерно и заразно). Покрај ова во болницата постоеле и помошни одделенија за исхрана, шиење, перење и др. Оваа болница одиграла значајна улога во згрижувањето на болните и ранетите.

**8. Црква Свети Никола – с.Мокрени**

Објектот зафаќа површина од 0,5 хектари. Црквата е заштитена од Заводот за заштита на споменици. Истата е трокорабна со полукружна апсида од надвор. Камбанаријата е со квадратна основа, поставена на дрвени греди и се наоѓа на влезот од дворот на црквата. Подигната е во 1852 година. Живописана е во 1860 година. Во црквата има иконостас, владичин стол, црковен мемел и икони кои не се евидентирани.

**9. Црква Свети Атанас – с.Војница**

Црквата Свети Атанас која се наоѓа во село Војница подигната е во втората половина на 19 век. Таа е трокорабна со полукружна апсида од надвор. Во неа живописот потекнува уште од 19 век, а во Заводот за заштита на споменици се регистрирана две икони кои се од битно значење, но се во доста лоша состојба.

**Согласно член 4 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (Сл. весник на РМ бр.66/04) постојат следниве спомен обележја од локално значење:**

1.Спомен плоча во с.Папрадиште на Димитрие Чуповски (обележува годишнина од неговото раѓање)

2.Спомен плоча за загинувањето на Илија Андовски во с.Нежилово поставена на поранешното училиште

3.Спомен чешма на загинатите во НОВ во с.Ореше

4.Спомен плоча во с.Богомила за масакрот извршен во месноста ,,Сеченица,, лоцирана во дворот на селската црква

5.Спомен плоча за масакрот извршен во месноста ,,Сеченица,, с.Богомила

6.Спомен обележје и бисти на Мицко Козар и Трајче Петкановски лоцирани на железничката станица во с.Богомила

7.Спомен обележје на железничката станица во с.Богомила

8.Спомен плоча и биста за Трајче Андреев- Петкановски во родната куќа во с.Бистрица

9.Спомен плоча за реорганизација на партизанскиот одред "Димитар Влахов" во близина на селата Мокрени и Габровник

10.Спомен плоча кај манастирот "Свети Спас" над с.Мокрени

11.Спомен плоча на Планинарскиот дом во с.Мокрени со испишани имиња на загинати борци од времето на НОВ

12.Спомен плоча за незнајниот јунак над с. Ораов Дол

13.Спомен плоча за формирање на велешкиот партизански одред "Трајче Петкановски" во месноста "Караџови ниви" -Ораов Дол

14.Спомен плоча на Планинарскиот дом во с.Ораов Дол

15.Спомен плоча на Трајче Андреев- Петкановски над с.Ораов Дол

16.Спомен плоча на Трајче Андреев- Петкановски на местото на загинувањето во месноста Осојница над с.Ораов Дол

17.Биста на Васил Антевски -Дрен лоцирана на железничката станица во с.Оморани

18.Спомен плоча за загинатите борци во НОВ од с.Извор и околните села поставена во дворот на задружниот дом во с.Извор

19.Споменик во месноста "Камила"-с. Извор

20.Спомен плоча во Степанскиот манастир во с.Степанци

21.Спомен плоча за одржано советување на Воениот Комитет лоцирана во с.Степанци

22.Спомен биста и обележје за Коле Неделковски во с.Војница (спомен соба)

23.Спомен плоча за нападот на општината во с.Војница

24.Спомен плоча за формирање на ХИИ македонска ударна бригада во с. Војница

25.Спомен плоча за одржан прв митинг во с.Војница

26.Две спомен плочи  во месноста Војничка пештера кај с.Војница

27.Биста за Тодор Јанев која се наоѓа во дворот на ОУ во населба Чашка чие име го носи училиштето

28.Спомен плоча за формирање на велешкиот партизански одред “Димитар Влахов” во месноста “Пешкова глава” на планината Лисец

29.Спомен обележје на местото на загинувањето на Благој Ѓорев во близина на с. Ново Село

30.Спомен плоча за работењето на ОЗНА лоцирана пред ОУ во с.Мелница

31.Спомен плоча за загинувањето на Тодор Јанев и Благој Јосмов лоцирана во с.Лисиче

32.Спомен плоча за формирање на 42-та дивизија во с. Лисиче

33.Спомен плоча за формирање на Осмата македонска бригада во с.Отиштино

34.Спомен плоча за загинати борци од третата македонска ударна бригада лоцирана во с. Отиштино

35.Споменик во с.Долно Јаболчиште која се наоѓа во дворот на училиштето

36.Спомен плоча на болницата на Главниот штаб на НОВ и ПОМ во с. Г.Врановци

37. Спомен плоча на Андон Ќосето во с. Голозинци

**Значајни личности**

**Андреја Дамјанов (1813-1878)**

Андреја Дамјанов (1813 – 1878) е еден од најголемите градители на сакрални објекти на Балканот. Роден е во село Папрадиште, во семејство на познати мијачки градители. Со своите браќа, мајсторот Андреја градел цркви во Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и други земји на Балканот. Неговата градителска умешност била забележана и во Европа, особено од патеписците кои Андреја го споменуваат како вреден и ценет мајстор. Неговите цркви се сметаат за бисери на сакралната архитектура на Балканот.

**Петар Поп Арсов( 1868- 1941)**

Петар Поп Арсов е македонски револуционер, основноположник на Македонската револуционерна организација, догогодишен член на ЦК на ТМОРО, задграничен претставник на организацијата, автор на нејзиниот прв Устав и автор на

познатата пбликација „ Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“. Роден е во Богомила во август 1868 год. Учел во Велес, Солун и Белград. Во Софија студирал на Филозофско- историскиот факултет заедно со бројна македонска интелегенција Даме Груев, Крсте Мисирков, а подоцна и со Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Меѓу нив во 1892 год созреала идејата за создавање„ Млада македонска книжевна дружина“ која го издавала списанието „ Лоза“. Нивна задача била да ја негуваат, развиваат и усовршуваат македонската национална мисла. Набрзо, заради својата активност Петар Поп Арсов е протеран од Бугарија. Во 1893 год во Солун ги поставил темелите на ВМРО.

**Димитар Андонов Папрадишки( 1859- 1954)**

Димитар Папрадишки или последниот македонски зограф и првиот македонски сликар. Неговиот близу еден век долгивот надополнет со семејната зографска традиција му дава посебен белег на крајот на XIX век и првата половина на XX век во Македонија.

Роден е во с. Папрадиште. Со тајфата на татко му го изучил зографскиот занает и како 18 годишно момче веќе работел на живописување на црквите во гевгелиско. Од Велес купил „ славјански учебници“ и учел и пропагирал словенска писменост. На 20 год целосно ги презел сликарските работи на својата тајфа во црквите. За да стане „ учен зограф“ заминал во Киев- Русија и ја завршил Худествената- иконографска школа (1882/ 83). По враќањето работел во црквите во Азот и Велешко. Иако имал услови да ги продолжи студиите како стипедијант на Духовната академиај во Москва, тој се вратил во Велес и започнал со интензивна сликарса работа. До 1890 год сликал иконостаси и икони во црквите низ МАкеоднија, а потоа бил повикан во Софија да работи портрети на знаменити личности. Со тоа ги положил темелите на македонското сликарство , не откажувајќи се се уште од црковната сликарска уметност.

**Коле Неделковски (1912 – 1941)**

Периодот меѓу двете светски војни со својата творечка дејност го обележува и Коле Неделковски. Роден е на 16 декември 1912 година во с.Војница, во сиромашно земјоделско семејство. Како ученик најпрво во велешката гимназија, а потоа во трговското училиште во Скопје започнал да пишува поезија. Неговиот чичко Илија Војницалија и самиот поет со богата домашна библиотека му овозможил да ги открие тајните на творештвото и да му ја всади љубовта кон литературата. Социјалниот статус што го имал, неправдите што ги чувствува врз себе, трајно го определиле на страната на напредното синдикално движење. Во 1933 година пристигнува во Софија како емигрант. Во 1938 година на страниците на “Илустрација Илинден” објавена е неговата прва песна “Стојан војвода” (“Стојан на Ордановци”). Една година подоцна во македонскиот книжевен кружок другарува со Никола Вапцаров, Антон Панов, Ѓорѓи Абаџиев, Венко Марковски и други познати македонски револуционерно-книжевни дејци. Кој крајот на 1939 година ја издава својата прва стихозбирка “М’лскавици”, со која го поддржува трендот на пишување македонска поезија со македонска тематика и употреба на

македонски литературен јазик. Во 1940 година станува член на диверзантска група “Млади антифашистички борци”. Во август 1941 година излегува од печат неговата втора книга “Пеш по светот”. Десет дена подоцна, на 2 септември 1941 година полицијата го разоткрива и го фрла од прозорецот на неговиот стан во Софија, на ул.”Генерал Паренцов” бр.16.

**Димитрија Чуповски ( 1878- 1940)**

Димитрија Чуповски роден е во с. Папардиште. Во Софија, каде го учел молерскиот занает, го посетувал вечерното училиште за Македонци. Тука ги научил основите на национално ослободителната борба од Крсте Мисирков. Во периодот од 1893 до 1895 год престојувал во Белград каде активно се вклучил во друштвото на македонските студенти „ Вардар“. Во 1898 год заминал за Русија каде со кратки прекини престојувал до крајот на животот. Починал во 1940 год. во Лениград , а неговите посмртни останки се донесени во 1991 год. Неговата долгогодишна дејност е насочена кон независност на Македонија, нејзино национално осознавање и осамостојување. Тој бил претседател на Македонското научно- литературно другарство, издавач на списанието„ Македонски глас“. Неговите јавни настапи и објавени статии го издвојуваат како најистакнат претставник на македонската национална мисла.

**Ѓорѓи Јаковов Зографски (1871- 1945)**

Ѓорѓи Зографски потекнува од Резновско-Зографскиот род, од мијачкото село Тресонче , кој спаѓа меѓу најстарите родови од Река што се занимавале со градителство, зографство, иконопис и копаничарство. Се родил во село Папрадиште, 1871 год. Зографски е доследен следбеник на творештвото на Димитар Андонов Папардишки со кого заедно го започнуваат новиот период во развојот на ликовната уметност во Македонија. Основно образование завршил во родното емсто, учејќи азбука и читање од „ стари словенски книги“ од кои поголемиот дел биле од црковен карактер. Од најранотот детство Зографски почнал да го придружува својот татко на неговите печалбарски патувања со цел да го учи зографскиот занает. Периодот од 1927 до 1929 година се смета за еден од поплодните негови периоди. Покрај икони и живопис во овој период насликал и доста портрети на познати личности, трговци, занаетчии и негови пријатели од Велес. На тој начин, Зографски конечно стекнал голем авторитет на сликар, кој покрај црковното, полека почнал да го негува и профаното сликарство. Тој спонтано ги прифатил новите ликовни струења во уметноста, го збогатил својот ликовен репертоар со нови ликовни идеи и содржини, со теми инспирирани од секојденвниот живот и непосредната околина. Во периодот после 1899 година Зографски се формирал во вистински зограф кој можел да оформи своја сликарска тајфа и работи самостојно. Својата прва самостојна работа од областа на иконостасот ја започнал во Србија, во црквата Св. Ѓорѓи во Сурдулица, во 1899 год. Продолжил да работи во црквите Св. Троица во Куршумлија, СВ. Теодор во Азбресница, Св. Петка во Сечаница, Св. Прокопиј во с. Шумане и Св. Арх. Михаил во с. Балаинац, се до 1912 год, Неговиот авторитет и

слава достигнуваат врв во 1932 година, кога во дневниот печат биле објавени повеќе текстови за неговиот живот и творештво. За неговиот придонес во областа на црковното сликарство Зографски бил одликуван со орден на св. Сава. Од 1935 год, па се до крајот на својот живот постојано живеел во Велес. Сликал главно икони за селските цркви во оклината на Велес, но и портрети на негови блиски роднини и пријатели. Починал 1945 год, со неговото име завршува творечкиот период на родот кој повеќе од два века бил двигател на уметничкиот живот на само во Македонија туку и пошироко на балканските простори.

**Археолошки наоѓалишта**

Во непосредна близина на населба Чашка на археолошкиот локалитет “Мрамор” која потекнува од неолотско време пронајдена е топчеста флејта, стара 6000 години. Малиот глинен инструмент е пронајден 1989 година и е изработен од пречистена црвена глина.окарината е целосно сочувана и има неправилна топчеста т.е. елипсовидна форма со дијаметар од 4,7 сантиметар, со шуплива внатрешност. На површината на наодот нема декоративни елемент, видливи се само три перфорациисо различен пречникод 0,4 до 0,6 см. кои се распоредени како три темиња на триаголник. Отворот од замислениот триаголник е нешто поголем и и има мало зарамнување, а другите два отвора се слоро идентични. За окарината се претпоставува дека припаѓа на постариот хоризонт на културно живеење, а ваква флејта покрај Македонија е пронајдена уште три други места во светот.

Во непосредна близина на населба Чашка кај село Отиштино се наоѓа археолошкиот локалитет “Врчви”. На овој локалитет е откриена стара римска населба и засведена латинска гробница од 5 век. Исто така откриена е населба од железно време и некропола и сакрален објект од тој период.

**Спорт**

Во општина Чашка, спортот и спортските активности претставуваат значаен дел од развојот на заедницата, со поддршка за спортски клубови и здруженија кои придонесуваат за физичката активност и социјалната кохезија. Општината редовно распишува јавни повици за материјална поддршка на спортски клубови и здруженија на граѓани кои вршат јавен интерес, со цел да се унапреди кооперацијата меѓу локалните организации и да се поттикне развојот на спортот на сите возрасни групи во заедницата. Еден од активните спортски клубови е **ФК Чашка 2022**, кој учествува во натпреварувања и ги вклучува младите во фудбалските активности во општината. Исто така, локалниот **Клуб за планинарски спортови Азот – Чашка** овозможува рекреативни активности и контактирање со природата, што го зајакнува здравјето и инклузијата на сите жители, без разлика на пол и возраст. Овие иницијативи создаваат еднакви можности за жените и мажите да учествуваат во спортски живот, со што се унапредува родовата еднаквост и општата благосостојба на заедницата

**Здравствена и социјална заштита/заштита на децата и највозрасните**

- **Здравствени установи**

На територијата на општината има 42 населени места во кои живеат околу 8.000 жители. За жал во изминативе скоро деценија и повеќе, општината се соочува со недостиг на медицински кадар, со лекари и сестри на територијата на Општина Чашка. Функционираат приватни амбуланти во населбите Чашка и Горно Јаболчиште. Но, има недостиг од лекари за населените места Долно Јаболчиште каде што има амбуланта, село Извор каде што постои стара амбуланта, населеното место Теово, каде што постои амбуланта и Богомила каде што имало стара амбуланта и до ден денес постои.

Општина Чашка во повеќе наврати направила обид да стимулира доаѓање на рурални лекари, но тој бил неуспешен.

- **Социјална заштита**

Социјалната заштита е опфатена во одделението за локален економски развој и јавни дејности преку Програма за активности на Општина Чашка во областа на социјалната заштита , и истата ги има следните цели :

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Чашка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање на форми за социјализација на маргинализираните групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање на услови за поквалитетни услуги за децата и младите во локалната заедница.

Потребите и услугите од областа на социјалната заштита во општината се решаваат во одделението за локален економски развој и јавни дејности преку Програма за активности на Општина Чашка во областа на социјалната заштита.

- **Корисници на социјална парична помош (пол и возраст)**

Вкупниот број на корисници на социјални услуги во општина Чашка изнесува 1496, при што најголем број од нив односно 421 се корисници на гарантирана минимална помош, како и корисници на надомест за помош и нега од друго лице. Според податоците од социјалниот план на општина Чашка 2024-2027 година, бројот на корисници на социјални услуги заклучно со 15.10.2023 година изнесувал 2793, со што може да се утврди дека во 2025 година има намален број на корисници на социјални услуги. Од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Велес немаат доставено родово-разделени податоци на корисници на социјални услуги.

**Табела 43: Корисници на социјални услуги во 2023 година во општина Чашка; Извор: ЈУ МЦСР Велес**

| Предмети во работа | Општина Чашка<br>15.10.2023 година |
|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 511 |
| Еднократна парична помош за новороденче | 421 |
| Детски додаток | 362 |
| Образовен додаток | 849 |
| Паричен надомест за помош и нега од друго лице | 330 |
| Надомест за попреченост | 43 |
| Посебен додаток | 49 |
| Родителски додаток за трето дете | 255 |
| Родителски додаток за четврто дете | 16 |
| Социјална сигурност за стари лица | 137 |

**Табела 44: Корисници на социјални услуги на територија на Општина Чашка (Извор ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, состојба април 2025 година**

| Корисници на социјални услуги | Вкупен број на корисници |
|---|---|
| Гарантирана минимална помош | 421 |
| Право на детски додаток | 314 |
| Надомест за помош и нега од друго лице | 325 |
| Надоместок за попреченост | 59 |
| Право на социјална сигурност за стари лица | 146 |
| Родителски додаток за трето лице | 231 |
| ВКУПНО | 1496 |

На територијата на општина Чашка има 490 лица со попреченост од кои што 239 се мажи, а 251 се жени. Според возрасната структура, најголем број од лицата со попреченост се над 65 години.

**Население со попреченост во Општина Чашка (Извор Попис на население 2021 година)**

**Табела 45 : Вкупно население со попреченост**

| Возрасна група | Пол Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 490 | 239 | 251 |
| **0-14** | 12 | 9 | 3 |
| **15-65** | 198 | 101 | 97 |
| **65+** | 280 | 129 | 151 |

По видови на попреченост, од анализата на податоците од пописот 2021 година, се распределени :

- Попреченост со движењето – Вкупно 215 лица , од кои 89 мажи и 126 жени
- Попреченост со видот – Вкупно 77 лица, од кои 39 мажи и 38 жени.
- Попреченост со слухот – Вкупно 53 лица, од кои 31 маж и 22 жени.
- Попреченост со комуникацијата – Вкупно 20 лица , од кои 14 мажи и 6 жени.
- Други попречености – Вкупно 125 лица од кои 66 мажи и 59 жени.

**Табела 46: Вкупно население во Општина Чашка , попреченост со движење , возрасни групи и родово разделени податоци**

| Возрасна група | Пол Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 215 | 89 | 126 |
| 0-14 | 3 | 2 | 1 |
| 15-65 | 73 | 36 | 37 |
| 65+ | 139 | 51 | 88 |

**Табела 47: Вкупно население во Општина Чашка , попреченост со вид , возрасни групи и родово разделени податоци**

| Возрасна група | Пол Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 77 | 39 | 38 |
| 0-14 | / | / | / |
| 15-65 | 29 | 11 | 18 |
| 65+ | 48 | 28 | 20 |

**Табела 48: Вкупно население во Општина Чашка , попреченост со слух, возрасни групи и родово разделени податоци**

| Возрасна група | Пол Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 53 | 31 | 22 |
| 0-14 | 1 | - | 1 |
| 15-65 | 9 | 6 | 3 |
| 65+ | 43 | 25 | 18 |

**Табела 49: Вкупно население во Општина Чашка , попреченост со комуникација , возрасни групи и родово разделени податоци**

| Возрасна група | Пол Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 20 | 14 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **0-14** | 1 | 1 | - |
| **15-65** | 13 | 10 | 3 |
| **65+** | 6 | 3 | 3 |

**Табела 50: Вкупно население во Општина Чашка , друга попреченост , возрасни групи и родово разделени податоци**

| **Возрасна група** | **Пол Вкупно** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 125 | 65 | 59 |
| **0-14** | 7 | 6 | 1 |
| **15-65** | 74 | 38 | 36 |
| **65+** | 44 | 22 | 22 |

Идентификувана е зголемена потреба за услуги и поддршка во средината во која живеат старите лица, како и одредени објекти што обезбедуваат резиденцијални специјализирани здравствени и социјални услуги, особено за лица со намален функционален капацитет поради здравствената состојба, без соодветна семејна грижа и поддршка, и материјално загрозени. Освен наведеното, работно способни, вработени лица кои се грижат за блиски сродници, стари или возрасни лица со намален функционален капацитет имаат потреба некој да се грижи за нивните блиски сродници додека тие се на работа. Оттука, излегува и потреба да се изнајдат начини и да се спроведат практични мерки кои ќе резултираат со зголемена атрактивност на регионот и задржување на населението, помеѓу останатото, преку јакнење на социјалните функции и создавање можности за поквалитетно живеење на стари лица.

Во делот на унапредувањето на можностите за вработување и социјално вклучување на лицата со инвалидност од особено значење е континуираното настојување, преку различните мерки и програми за поддршка, овие лица што е можно повеќе да се вработуваат во отвореното стопанство. Финансиска помош за лица со попреченост која е гарантирана во системот за социјална заштита треба да се комбинира со мерките на активација, а со цел да се намали зависноста од социјалната заштита и да се зголеми потенцијалот за вработување.

Во Општина Чашка социјалните услуги се застапени преку дневни центри за стари лица/ пензионери кои функционираат во Населба Чашка, Теово, Извор и Богомила. Во блиското минато, постоела и подрачна канцеларија на МТСП односно на Центар за социјална работа Велес која нудела услуги во делот за остварување право на социјални надоместоци, но во моментот на изработка на овој социјален план, истата е затворена и вработените се повлечени во ЦСР Велес. Завршена е капитална инвестиција на МТСП за изградба/ реконструкција на дневен центар за лица со попреченост, за кој е формирана јавна општинска установа и кој е во процедура на воспоставување на услугите за кои е наменет.

## Граѓанско општество

На територијата на општина Чашка делуваат вкупно 16 здруженија кои што покриваат различни области од општественото живеење, а дел од нив се регистрирани во Велес, но со област/територија на делување и во општина Чашка.

**Табела 51: Здруженија на граѓани кои со своите активности делуваат на територија на Општина Чашка (Извор Социјален план на Општина Чашка )**

| *Ред број* | *Здружение на граѓани* |
|---|---|
| 1. | КУД„ Тодор Јанев" Чашка |
| 2. | Здружение на граѓани за граѓански иницијативи "МЕЛ- МЕЛ 2023" - село Мелница Чашка |
| 3. | Извиднички одред „Димитар Влахов" Велес ,<br>Извиднички центар село Голозинци, Општина Чашка |
| 4. | Еколошката Групација „Грин Пауер" Велес<br>Планинарски дом Папрадиште, Општина Чашка |
| 5. | Здружение на пензионери Велес<br>Рекреативен дом за млади и стари лица„ Петар Поп Арсов" Богомила , Општина Чашка |
| 6. | Организација на жените на Општина Велес<br>Делуваат Велес, Чашка и Градко |
| 7. | ЗГ Велес Бајкинг Велес |
| 8. | КПС АЗОТ , село Ореше, Општина Чашка |
| 9. | Општинска организација на Црвен Крст Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 10. | Здружение на граѓани Еколошко друштво АМБИЕНТАЛИСТИ село Горно Јаболчиште Чашка |
| 11. | Здружението на граѓани „Мото клуб – Носачи на крстот" Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 12. | Здружение на земјоделци АГРО Центар Велес<br>Делува Велес, Чашка и Градско |
| 13. | АКТИВО Велес |
| 14. | Еколошко друштво „ Вила Зора" Велес |
| 15. | Здружение на граѓани „ РАЗБОЈ" Велес<br>Делува Велес и Чашка |
| 16. | СПД „ Зелен Рај" Велес |

## ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

Општина Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Северна Македонија, со с. Долно Врановци како географски центар. Административен центар на општината е нас.Чашка каде е сместена Општина Чашка. Административниот центар на Општина Чашка е оддалечен 66 км или 1 час возење од главниот град на државата, од најблискиот аеродром е одалечен 50 км или 50 мин возење а 16 км од најблискиот поголем град, градот Велес. Врската до Скопје и Велес е овозможена преку прилично добра асфалтна патна мрежа и железничка пруга. Една четвртина од населените места во Општина Чашка се директно поврзани со железничка пруга.

Општина Чашка се карактеризира со развиена земјоделска активност, особено во производството на житни култури, овошје и зеленчук. Во последните години, општината активно работи на диверзификација на економијата преку поттикнување на претприемништвото и привлекување на нови инвестиции. Локалната економија е препознаена по висококвалитетен тутун, ориз, минерални суровини-кварц, високо квалитетна глина за производство на керамички блокови, квалитено млеко, производство на јагнешко и свинско месо, шумски фонд и сл. Секторот земјоделие (тутуно производство, лозарство), сточарство (изразито крупен добиток е во брзо опаѓање) се во брзо и загрижувачко опаѓање, додека присутен е забележителен пораст на дневниот планински туризам. Како силни страни на структурата на локалната економија можат да се нагласат:

- Прилично голем број на регистрирани правни лица – чинителни на економскиот развој според бројот на жители во рурална општина

- Расположливи природни ресурси за развој (земјоделски површинни,шуми , пасишта, воден потенцијал, високи планински врвови)

- Можност за создавање на уникатни производи (афирмација на квалитетен ориз, овчко сирење, компир, кварц, глина за керамиди и блокови, високи планински врвови, развој на спелеолошки истражување на пештерата на река Бабуна, како и високи планински врвови.

Во рамките на локалниот економски развој, Акватерм инженеринг се истакнува како водечка компанија во продажбата на водоводни производи, греење и соларни системи. Компанијата нуди широк спектар на производи и услуги, обезбедувајќи техничка експертиза и поддршка за своите клиенти. Во последните 2-3 години, секторот за обновливи извори на енергија, особено соларните системи, бележи значителен раст. Ова е резултат на зголемената свест за заштита на животната средина и поддршката од државата за инвестиции во зелени технологии.

- **ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ**

Согласно податоците од Државниот Завод за статистика, бројот на деловни субјекти на територијата на општина Чашка е константен односно има незначително намалување во бројот на активни деловни субјекти за периодот 2021-2023 година, а најголемиот број на деловни субјекти се со број на вработени од 1-9. Според дејноста пак најголем број од активните деловни субекти (84 заклучно со 2023 година) ги има во делот трговија на големо и мало, а потоа доаѓа дејноста земјоделство, шумарство и рибарство. Голем е бројот исто така и на регистрирани невладини организации и спортски здруженија.

**Табела 52: Активни претпријатија според бројот на вработени во Општина Чашка (извор Статистички годишник на Република Македонија 2023 и 2024 година , Област Деловни субјекти , Државен завод за статистика Република Македонија)**

| Состојба | Вкупно | 0 | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2021 | 87 | 2 | 78 | 1 | 6 | - | - |
| 31.12.2022 | 85 | 3 | 75 | 1 | 6 | - | - |
| 31.12.2023 | 84 | 1 | 74 | 4 | 4 | 1 | - |

**Табела 53: Активни деловни субјекти по сектори според Националната класификација на дејностите Рев.2 во Општина Чашка**

| Сектори на дејност (состојба) | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **87** | **85** | **84** |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 10 | 13 | 14 |
| **Рударство и вадење на камен** | 1 | - | - |
| **Преработувачка индустрија** | 6 | 6 | 5 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | - | - | - |
| **Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината** | 1 | 1 | 1 |
| **Градежништво** | 6 | 6 | 6 |
| **Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли** | 26 | 26 | 24 |
| **Транспорт и складирање** | 15 | 11 | 11 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 6 | 5 | 6 |
| **Информации и комуникации** | - | 1 | 1 |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | - | - | - |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | - | - | - |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 1 | 1 | 2 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | - | - | - |
| **Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување** | 1 | 1 | 1 |
| **Образование** | 3 | 3 | 3 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 9 | 9 | 8 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 1 | 1 | 1 |

| Други услужни дејности | 1 | 1 | 1 |
|---|---|---|---|

- **ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

Согласно податоците во единствениот регистар на земјоделски стопанства на Министертсво за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за анализа на земјоделска политика Скопје на територија на  Општина Чашка имаме вкупно 905 регистрирани земјоделски стопанства, како и 1 индивидуален земјоделец, регистриран според закон за вршење на земјоделска дејност.

Вкупната обработлива површина регистрирана кај сите земјоделски стопанства со седиште во Општина Чашка изнесува 1190,84 ха.

**Табела 54: Структура на податоци во единствен регистар**

| Податоци во единствен регистар на земјоделски стопанства | Вкупно |
|---|---|
| Регистрирани земјоделски стопанства | 905 |
| Индивидуални земјоделци | 1 |
| Семејни земјоделски стопанства | 883 |

Најголем број од носителите на семејните земјоделски стопанства се мажи, додека пак исто така забележително е дека од 883 земјоделски стопанства само 50 се раководени од млади до 40 години.

**Табела 55: Носители на семејни земјоделски стопанства на територија на Општина Чашка**

| Чашка | Вкупно | жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| Семејни земоделски стопанства | 883 | 211 | 672 |

**Табела 56: Возрасна структура на носители на  семејни земјоделски стопанства**

| Носители на земјоделски стопанства | Вкупно |
|---|---|
| Возрасна група | 883 |
| Од 18 до 40 години | 50 |
| Над 40 години | 833 |

- **Развој на туризмот и искористување на природни ресурси**

Општина Чашка за посетителите важи за општина која изобилува со приодни ресурси (пасишта, шуми, води, земјоделско земјиште и сл.), кои претставуваат конкурентска предност во однос на привлекување на туристи, особено од областа на активниот, планински туризам. Локацијата на општината е исто така значајна. Со добра географска позиција во однос на главниот град Скопје и клучни државни и меѓународни инфраструктурни објекти, како што се аеродромот и автопатот оваа локација е атрактивна за инвестирање во област ана туризмот туризам, што може да ја зголеми видливоста на општината и да привлекува нови инвестиции.

Малите локални такси и даноци исто така претставуваат значителна предност, што ја прави општината привлечна за потенцијални инвеститори и нови жители кои бараат финансиски поволни услови. Сепак, општина Чашка се соочува со неколку предизвици во однос на своето надворешно позиционирање. Недоволната промоција и маркетинг на културното и природното наследство на општината значи дека многу потенцијални посетители и инвеститори не се свесни за нејзините предности. Дополнително, недоволно развиената внатрешна комунална инфраструктура, вклучувајќи водовод, канализација, патишта, паркови и осветлување, ја ограничува способноста на општината да ги задоволи потребите на своите жители и потенцијалните инвеститори. Од страна на локалните жители, општината е перципирана како општина со незадоволително организиран јавен превоз и покриеност со примарна здравствена заштита.

Подобрувањето на овие инфраструктурни услови е клучно за зголемување на атрактивноста на општината. За да се подобри позиционирањето на општина Чашка, потребно е да се спроведат комплексни маркетинг стратегии кои ќе ги истакнат силните страни на општината. Ова може да вклучува организирање на настани, фестивали и изложби кои ќе ги промовираат природните ресурси, како и соработка со туристички агенции за развој на пакети за посети. Дополнително, општината треба да работи на подобрување на инфраструктурата и да создаде поволни услови за инвестирање во туризам. Со привлекување на инвестиции во овие области, општина Чашка има можност да стане препознатливо место за одмор и развој, што дополнително ќе ја зајакне економската основа на општината. Со активна промоција на нејзините културни и природни ресурси, подобрување на инфраструктурата и создавање на поволни услови за инвестиции, општината може да привлече нови жители и инвеститори, што ќе доведе до одржлив економски развој.

## АНАЛИЗА НА УРБАНИЗМОТ И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Состојба со просторно-урбанистичка планска документација (во однос на опфатена површина со валидни – тековни урбанистички планови и документација, непокриена површина во населени места на урбанистилки планови и поврзана документација) и ажурираните планови**

Обезбедувањето на градежно земјиште и инфраструктура е еден од важните фактори за подобрување на деловното опкружување во општина Чашка. Општината поседува значителни предности, вклучувајќи ниски трошоци за уредување на градежно земјиште (комуналии). Исто така во општината постои лесен пристап до земјоделско обработливо земјиште, како и до потребната опрема и механизација, сепак општина Чашка се соочува со повеќе предизвици. На пример присутни се чести злоупотреби на доделеното земјоделско земјиште, кое се доделува на лица кои не се земјоделски производители.

Дополнително недостасува поширока покриеност со урбанистичко планска документација. Исто така постојат и нелегализирани и невпишани објекти во сопственост на општината, вклучувајќи училишта, месни заедници, игралишта и инфраструктурни објекти. Оваа ситуација создава правни и административни пречки за развојот на нови проекти и за привлечноста на инвестициите. Дополнително, општината има недоволни финансиски средства за изготвување на урбанистички проекти за парцелација на земјиштето. Без соодветни финансии, невозможно е да се изработат неопходните урбанистички планови, што значително ги ограничува можностите за развој и зголемување на инвестициите. За да се подобри пристапот до градежно земјиште и инфраструктура општината треба да работи на решавање на постојните слабости. Ова вклучува легализација на објектите во сопственост на општината, обезбедување на финансиски средства за урбанистички проекти и инвестирање во инфраструктурни подобрувања.

Исто така, очигледен е недостатокот на стручни лица од областа на градежно-урбанистичка област. Според мислењето на претставници од приватниот сектор, други предизвици за кои е потребна поддршка на бизнисот се непостоење на урбанистички планови, несреден правен статус на расположливиот имот на значителен дел од населението, како и недостаток на политичка волја за изработка на урбанистички планови

- **Состојба со комуналната инфраструктура и услуги (во однос и на достапноста за корисниците и на квалитетот на услугите)**

**Транспортна инфраструктура (локални патишта и улици во населените места)**

Собраќајната поврзаност на општината е добра.

Низ територијата поминува железничката пруга Скопје-Битола. Со градот Велес општината е поврзана со регионалниот пат Р-526, Р-515 и Р-514. Предвидено е општината да се приклучи со магистралниот пат К-10 Велес-Прилеп-Битола кој ќе поминува низ територијата на општината, со што територијалната поврзаност со другите делови од нашата Република би била уште подобра.

Вкупната должина на патната мрежа во општина Чашка изнесува 62 км регионален пат чие одржување е во надлежност на Јавното претпријатие за одржување на патишта Македонија пат – Скопје, Подружница Велес и локална патна мрежа во должина од 132 км од кои 51 км асфалтен пат, 6 км тампониран пат, 65 км земјен пат и 10 км непросечен пат (извор: “Транспорт и други услуги 2013” ДЗС на РМ). За одржување

на оваа патна мрежа Советот на општина Чашка донесува годишна програма за зимско одржување на јавните патишта и улици.

**Табела 57: Локална патна мрежа, во Општина Чашка по години (Извор База на податоци МАКСТАТ Државен завод за статистика)**

| Состојба | Вкупно | асфалт | макадам | земјани | непробиени |
|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 134 | 68 | - | 58 | 8 |
| 2022 | 135 | 69 | - | 58 | 8 |
| 2023 | 141 | 75 | - | 58 | 8 |

**Табела 58: Број на мостови на локална патна мрежа, во Чашка по години**

| Чашка | | мостови | | |
|---|---|---|---|---|
| година | | 2021 | 2022 | 2023 |
| Број на мостови | вкупно | 11 | 11 | 11 |
| | постојани | 10 | 10 | 10 |
| | привремени | 1 | 1 | 1 |

**Табела 59: Мостови на локална патна мрежа, во Чашка по години во метри**

| Чашка | | Мостови во метри | | |
|---|---|---|---|---|
| година | | 2021 | 2022 | 2023 |
| метри | Вкупно | 152 | 152 | 152 |
| | постојани | 146 | 146 | 146 |
| | привремени | 6 | 6 | 6 |

Кога доаѓаме пак до комуналната инфраструктура, граѓаните во општина Чашка се снабдуваат со **вода за пиење** преку системот за водоснабдување, сопствени бунари и селски чешми. Преку водоводна мрежа со вода за пиење се обезбедуваат 19 населени места. Водата се обезбедува преку реките Бабуна и Тополка.

Во населба Чашка постои **Јавно претпријатие за комунални дејности "Тополка"**. Тоа е основано од Советот на општина Чашка за вршење комунални дејности од јавен интерес. Претпријатието се финансира од приходи основани од вршење на услугите кои

ги дава на корисниците. Другите водоводи со Одлука на Советот на општината им се дадени на користење и стопанисување на Месните заедници од тие населени места.

Одведувањето на комуналните отпадни води од домаќинствата и другите потрошувачи од општината се врши преку канализациона мрежа таму каде постои, а останатото директно се испушта во реките Бабуна и Тополка. Канализациона мрежа постои во 6 населени места, а изградена е и пречистителна станица во село Теово.

Отстранувањето на цврстиот комунален отпад и друг вид отпад се врши колективно и индивидуално. Депонијата за цврст отпад за населба Чашка се наоѓа на месноста Глиниште, атар на село Раковец. Останатите рурални средини се соочуваат со низа проблеми со собирањето на отпадот, а во одредени средини нема организирано собирање на одпадот. Таму каде се собира одпадот  надлежни се месните заедници. Наведениве состојби резултираат со создавање на диви депонии кои ја загрозуваат животната средина и здравјето на населението. Водоводот во населбата Чашка бил изграден со местен самопридонес и доброволна работа во 1976 година, а канализацијата во 1986.

Дополнително, недоволно развиената внатрешна комунална инфраструктура, вклучувајќи водовод, канализација, патишта, паркови и осветлување, ја ограничува способноста на општината да ги задоволи потребите на своите жители и потенцијалните инвеститори. Од страна на локалните жители, општината е перципирана како општина со незадоволително организиран јавен превоз.

**Друга техничка инфраструктура (покриеноста и квалитет на електричната мрежа, телекомуникациите, интернет, радио и ТВ покриеност)**

Има добра покриеност на електрична мрежа со чести напади на среднонапонско ниво при временски неприлики. Добра покриеност со мобилна мрежа и интернет.

Локалната самоуправа има слободни free zoni wi-fi во неколку населени места и тоа: населба Чашка, Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште, м.в Пашин мост, Теово, Мелница, Богомила, Горно Врановци, Извор.

## АНАЛИЗАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ ЗАКАНИ И РИЗИЦИ

- **Кусо резиме со проценка на потенцијалните ризици од поплави, суши, пожари, свлечишта, бури и земјотреси**

Општината Чашка како рурална и територијално голема општина (со 42 населени места и површина од 825 км²) се соочува со сериозни предизвици во областа на заштита и спасување, како и во системот на противпожарна заштита. Географската положба и планинскиот карактер на дел од територијата (Јакупица, Караџица, Даутица) ја прават општината особено изложена на природни ризици – шумски пожари, поплави, поројни дождови и снежни наноси, како и потенцијални земјотреси поради тектонските карактеристики.

**Институционални капацитети**

Во општината функционира Доброволното противпожарно друштво (ДППД) „Бабуна“, кое претставува примарна поддршка на Територијалната противпожарна единица Велес. ДППД „Бабуна“ има долга традиција на ангажман, но се соочува со ограничени човечки и технички ресурси. Локалната самоуправа обезбедува континуирана поддршка, но недостасува современа механизација, противпожарни возила и специјализирана опрема за интервенција во планинските и тешко пристапни подрачја.

Полициската станица во населеното место Чашка и месните заедници претставуваат важни актери во обезбедување на основно ниво на сигурност, но недоволниот број на обучен кадар и ограничените ресурси ја намалуваат ефективноста на одговорот во кризни ситуации.

**Предизвици и ризици**

**Шумски и полски пожари:** Во летниот период честопати се појавуваат пожари во шумските подрачја и земјоделските површини. Недостигот на превентивни мерки (пожарни појаси, системи за рано предупредување) ја зголемува ранливоста.

**Поплави и поројни дождови:** Реките Бабуна и Тополка, иако значаен ресурс, претставуваат и ризик за поплави при обилни врнежи, особено во делот на алувијалните рамнини.

**Земјотреси:** Согласно сеизмолошките истражувања, територијата на Чашка спаѓа во подрачја со висока сеизмичка активност, што бара превентивно планирање и подигнување на свеста на населението.

**Недостаток на инфраструктура:** Недоволната патна мрежа во руралните и планинските села ја отежнува брзата интервенција при пожари и елементарни непогоди.

**Недоволна координација:** Иако постојат планови за заштита и спасување, потребно е поголемо усогласување и координација меѓу општината, државните институции и граѓанските организации.

## АНАЛИЗАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОИЕ

- **Воздух (квалитет, мониторинг и управување)**

**Општи карактеристики:** На подрачјето нема стационарна мерна станица, па за состојбата со квалитет на воздухот најрелевантни се најблиските државни станици во Велес („Veles 1“ и „Veles 2“), кои се дел од националната мрежа на МЖСПП. Ова овозможува индиректен увид за регионот на Чашка (Вардарски регион) и следење на PM, $O_3$, $NO_2$ и $SO_2$.

**Предизвици:** Зимските пикови на ПМ-честички во урбаните средини се поврзани со согорување цврсти горива во домаќинствата и сообраќај.

Импликации за ЕЕ и ОИЕ. Локални програми за замена на печки на дрва/јаглен со топлински пумпи и ефикасни системи (комбинирани со кровни ФВ) директно ќе го намалат ПМ и трошоците. Ова е во линија со Националниот енергетски и климатски план

(NECP) и Стратегијата за енергетски развој до 2040 кои предвидуваат зголемен удел на ОИЕ и мерки за енергетска ефикасност.

- **Водни ресурси (користење, заштита и управување)**

**Општи карактеристики:** Општината Чашка припаѓа на сливот на реката Вардар. Локално значајни се реките Бабуна и Тополка. Дел од населбите се водоснабдуваат преку локални системи; канализациона мрежа постои во 6 населени места, а во Теово е изградена пречистителна станица која не е во функција; на други места дел од отпадните води се испуштаат во Бабуна и Тополка. Резервоарот Лисиче (во Чашка) е дел од истоимениот хидросистем и е важен за водоснабдување на Велес.

**Предизвици:** На национално ниво постојат доцнења со целосно усвојување/ажурирање на плановите за управување со речни сливови, како и потреба за намалување на точкастото загадување и подобра колекција/третман на отпадни води.

- **Почва (употреба, заштита и управување)**

**Општи карактеристики:** Земјоделието е клучна економска дејност во општината. Постојат силно фрагментирани парцели, што влијае на економичноста и на добрите агро-практики.

**Предизвици:** Ерозионите процеси и неправилната употреба на земјиштето создаваат губитоци на плоден слој и притисок врз водните тела; потребни се противерозивни мерки и контрола на агрохемикалии.

- **Шумски екосистеми и пасишта (користење, заштита и управување)**

**Општи карактеристики:** Општината Чашка располага со значајни шумски и пасишни ресурси кои се потенцијал за еко-туризам и сточарство.

**Предизвици:** Ризикот од шумски пожари од година во година расте. Потребни се превентивни појаси, рано предупредување и пристапни патишта.

- **Управување со отпадот**

**Општи карактеристики.** Општината Чашка треба да се вклопи во регионалниот систем за управување со отпад за Вардарскиот регион.

**Предизвици:** Постепено да се затворат сите депонии на територијата на општината и да се ревитализира тоа земјиште. Ограничен е напредокот и сеуште е многу ниска стапката на селекција/третман на отпад;

- **ПРИРОДА**

**Биолошка разновидност и заштитени подрачја**

Природата и биолошката разновидност го опфаќаат богатството на живиот свет и разновидните предели што истата ги оформува. Тие секогаш биле под можни влијанија на активностите на човекот, особено од активностите на економските сектори.

На територијата на Општина Чашка согласно со Просторниот план на Република Македонија, дефинирани се следните подрачја:

**Табела 60: Заштитени подрачја на територијата на општина и предлози за заштита**

| **Група** | **Име на објектот** | **Состојба на заштита** |
|---|---|---|
| Национален парк | Јакупица | предлог |
| Научно - истражувачки природен резерват | Слив на Тополка | предлог |
| Споменик на природата | Водопад на Бабуна | предлог |
| Споменик на природата | Кале Бањичко | заштитен |
| Споменик на природата | Пештера Дамјаница | предлог |
| Споменик на природата | Пештера Извор на река Бабуба | Предлог |
| Споменик на природата | Пропаст Солунка | предлог |
| Споменик на природата | Пропаст Ледник | предлог |
| Споменик на природата | Река Бабуна | предлог |

Покрај тоа, се јавуваат разновидни нивациони облици, од кои најинтересни се: камениот ледник, камените прстени и скалестите бедеми. Значајни се поради фактот што ретко се сретнуваат на останатите планини во Република Македонија - камениот ледник е меѓу најретките појави на Балканот; поради бројноста и изразитите димензии.

Камените прстени на Јакупица се меѓу првите откриени во Републиката. Се јавуваат во зарамнетите дна на вртачите, увалите и карстните полиња, а особено во увалите помеѓу Бабина Дупка и Солунска Глава. Имаат изразити димензии (40-70 см) и поради тоа што се речиси во целост сочувани, како појави се мошне интересни.

Скалестите бедеми се сретнуваат на стрмните планински страни од шумскиот појас, каде што мермерните варовници се препокриени со растресита почва. Паралелните густо поставени бедеми под врвот Солунска Глава на просторот му даваат извонредна сликовитост.

На Јакупица има повеќе пештери, но само 13 се испитани и со познати карактеристики. Меѓу пештерите кои заслужуваат посебно внимание се и: пештерата Дамјаница, пештерата над огромните сипови во Нежиловските Карпи и пештерата во просторот меѓу Солунска Глава и Бегово Поле.

Процесот на соголување на карпите со денудација создава многу интересни денудациони облици (разни облици создадени под дејство на водата) во форма на: главутци, печурки, слонови, пирамиди и др. Тие се јавуваат во фосилни плавини или во цврсти карпи и тоа кај селата: Горно Врановци, Мелница и под селото Бистрица.

На Јакупица се регистрирани 10 (десет) вегетациски типови и 53 (педесет и три) растителни заедници, од кои 25 се застапени во субалпскиот појас. Според досегашните сознанија, флората и вегетацијата се одликуваат со големо богатство и разновидност. Досега се регистрирани 11 ретки растителни видови, од кои 4 се репрезентативни (карактеристични за старата и својствена флора на оваа област), а други 165 се ендемски и субендемски видови на Балканскиот простор.

Флористички и вегетациски, Јакупица претставува гранична планина, што се потврдува со фактот дека овде се регистрирани 56 растителни видови и 19 растителни заедници кои токму овде ги достигнуваат границите на распространување. На Јакупица има повеќе наоѓалишта на ендемични видови, локалитети во кои е застапена реликтната флора и вегетација од аркто-алпскиот и алпскиот флорален елемент. Меѓу особено значајните такви наоѓалишта спаѓаат и Нежиловските Карпи и Солунска Глава. Тука се сретнуваат 5 шумски заедници кои не се сретнуваат на другите планини во Македонија. Особено значаен е фактот дека на Јакупица постојат шумски заедници сочувани на нивните примарни станишта, фитоценози кои го задржале составот на растителните видови, а исто така, има и заедници кои физиономски незначително се изменети во изгледот, а со тоа и значењето на исконските заедници. Горската букова шума претставува најзастапен и најсочуван шумски комплекс на овој масив. Ги опфаќа изворишните делови на речната мрежа на масивот, и според тие карактеристики се јавува како битен елемент на заштита и регулација на водениот режим на планината, во што е нејзиното особено значење. Појасот на горуновите шуми е застапен на поголеми пространства на Јакупица и одредени делови на овие шуми, особено под Нежиловските Карпи, поради составот се оценуваат како шумски типови карактеристични за македонското подрачје.

Основен белег на фауната и нејзина вредност претставуваат многубројноста и разновидноста на птици и цицачи кои ја населуваат - 48% од вкупниот број птици и 99% од дивечот регистрирани во Македонија се сретнуваат на Јакупица. Од реликтните видови од групата на цицачи се сретнуваат: рисот, срната, мечката и куната златка, а од групата на птици: еребица, камењарка, лештарка, белоноктеста ветрушка, ветрушка кобец, џуџест орел, белоопашест орел и орел-змијар. Кај Солунска Глава особено се распространети дивокози, дивите свињи во атарите на селата Горно и Долно Јаболчиште, а на непристапните терени на реката Бабуна се сретнува и рисот. Во ниските делови на реките Бабуна и Тополка е населен фазанскиот дивеч.

На падините под Солунска Глава, на височина од 1500 до 2500 м на силикатни и карбонатни терени борот кривул гради посебна заедница. Оваа вегетација во вид на шикари раширена е на големи површини - најголеми во однос на другите во Македонија.

Камениот ледник е единствена појава на високите планини во Република Македонија и меѓу ретките во Европа. Се наоѓа на составот на Солунска Глава со планината Голешница, на 2000 м н.в., во непосредна близина на Нежиловските Карпи. Припаѓа на сезонско- епигенескиот тип на нивациони облици. Зафаќа површина од 0.25 км2 и има елипсовиден облик. Висината на отсекот е 500 м, а дебелината на слојот на распаднатиот материјал е околу 20 м. Камениот ледник се спушта кон изворишниот дел

на Бела Река и преку 7 главни точила формирани во отсекот храни 4 огромни сипови во падината. Се одликува со извонредна сликовитост, атрактивност и исклучителни димензии, па како геоморфолошки феномен има, пред се, научно и воспитно-образовно, но и туристичко значење. Најголемите инчести вртачи (облици на површински карстен релјеф), со размер од 500 м и длабочина од 80 м, има помеѓу Солунска Глава и Бегово Поле.

Јужно од Солунска Глава се наоѓа најдлабоката бездна, формирана долж расадната линија во јакупичките мермери. Испитаната длабочина изнесува 450 м, па според ова претставува најдлабока бездна во Републиката и е посебна атракција за спелеолозите и алпинистите.

Во центарот на село Теово, се наоѓа јавор, платан (Platanus orientalis) кој согласно секторската студијаза заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (2004 година), платановото стебло во село Теово е прогласено за заштитено со одлука на советот на Општина Велес (одлука бр 08-2558 од 1986 година Гласмик на Општина Велес бр 6/86) во споменик на природата.

- **Енергетска ефикасност и ОИЕ**

Општината има дефинирана Потпрограма за енергетска ефикасност (ЕЕ) со цели: намалување на трошоците за енергија, примена на енергетски ефикасни материјали/технологии и едукација. Планирани се активности како изолации на јавни објекти и систематска едукација на ученици/граѓани.

Притоа, во инфраструктурата за вода/отпадни води има значајна енергетска потрошувачка (пумпни станици, ПСОВ). На територијата постојат 2 ПСОВ (Теово – неработечка; Јасеново – во установа), а општината планира проектна документација и нови решенија за Богомила, Оморани и Лисиче – што отвора простор за ЕЕ и ОИЕ решенија при нови инвестиции.

Во рамки на природните ресурси, Хидросистемот Лисиче (на падините на Јакупица, во општина Чашка) е повеќенаменски резервоар и клучна локална водна инфраструктура што може да се надгради со ФВ/ЕЕ мерки на придружните објекти.

Клучни потенцијали за ЕЕ и ОИЕ:

- Јавни објекти и училишта – термо-санитетски санации, автоматизација на греење/ладење, LED јавно осветлување. Планската рамка на општината веќе го предвидува тоа.
- Водовод/канализација и ПСОВ – ФВ за пумпни станици и аерација + ВЕЕ (високо-ефикасни пумпи, VFD управување) за намалување на оперативните трошоци.
- Кровни ФВ системи на општински објекти и модели за граѓански/заеднички „произведувачи-потрошувачи“ (нет-билинг).
- Агро-биомаса/биогас – контролирано искористување на земјоделски остатоци со приоритет на одржливост (почвено враќање кога е подобро).

- **Регистрирани патни моторни и приклучни превозни средства**

**Табела 61: Регистрирани патни моторни и приклучни превозни средства, Чашка, по години, број ( Извор МАКСТАТ База Државен завод за статистика)**

| Чашка | Регистрирани возила | | |
|---|---|---|---|
| Година | 2021 | 2022 | 2023 |
| ВКУПНО | 1173 | 275 | 1457 |
| Мотоцикли | 20 | 15 | 38 |
| Патнички автомобили | 1058 | 225 | 1268 |
| Автобуси | 18 | 15 | 30 |
| Товарни автомобили | 40 | 13 | 56 |
| Влечни возила | 12 | 3 | 11 |
| Трактори | 9 | 7 | 31 |
| Работни возила | / | / | 2 |
| Приклучни возила | 16 | 7 | 21 |

**АНЕКС 2: Тематски SWOT анализи**

## 1. Локален економски развој

*Силни страни*

- Општина Чашка располага со над 20.000 хектари земјоделско земјиште, од кои значаен дел се користи за производство на ориз (особено во долината на Бабуна).
- Производството на јагнешко месо, млечни производи, мед и пастрмка претставува автентичен локален бренд кој може да ја позиционира општината на регионалниот пазар.
- Природните убавини како Јакупица, Караџица, Богомила, Даутица и културно-историските локалитети (манастири, археолошки наоѓалишта) нудат услови за планински и еко-туризам.
- Усвоена е Стратегија за локален економски развој (2024–2028) како рамка за економски иницијативи.

*Слаби страни*

- Буџетските анализи покажуваат дека над 50% од приходите се од дотации, што ја прави општината високо зависна и ранлива.
- Недостаток на преработувачки капацитети за локални производи (оризарници, млекарници, кластери за занаетчиство) доведува до продажба на суровини наместо финални производи.
- Недоволна промоција на локални производи и брендови, и слаба дигитална видливост за туризам и земјоделие.

*Можности*

- Финансиска поддршка преку ЕУ ИПА фондови и национални програми за рурален развој и туризам.
- Потенцијал за развој на агро-туризам, спелео-туризам и културен туризам.
- Воспоставување јавно-приватни партнерства за развој на инфраструктура и промоција на локални производи.

*Закани*

- Миграција и стареење на населението – според демографските анализи, населението бележи постојан пад, со изразена емиграција на младите.
- Климатските промени предизвикуваат суши и пожари, со ризик за земјоделството и шумските екосистеми.

## 2. Урбанистичко планирање

*Силни страни*

- Добра сообраќајна поврзаност со Велес, Прилеп и Скопје (железничка линија Скопје–Прилеп–Битола поминува низ Богомила и Чашка).
- Ниски трошоци за уредување на градежно земјиште, што може да привлече инвеститори.

*Слаби страни*

- Само дел од територијата е покриена со урбанистички планови, што ограничува развојни инвестиции.
- Постојат нелегализирани или невпишани јавни објекти – училишта, спортски игралишта, културни домови.
- Недостиг на стручни кадри за урбанизам и просторен развој.

*Можности*

- Ревитализација на јавни простори и зголемување на зелените површини.
- Воведување е-урбанизам и дигитални услуги за транспарентност и брзо издавање дозволи.
- Користење на државни фондови за финансирање на планска документација.

*Закани*

- Неконтролирана изградба и злоупотреба на земјиште.
- Недостаток на средства за имплементација на урбанистички планови.

**3. Комунални дејности и заштита на животната средина**

*Силни страни*

- Функционира ЈПКД „Тополка" со услуги за водоснабдување и чистење.
- Изградена е пречистителна станица во с. Теово за отпадни води.
- Природни богатства и заштитени подрачја – Бабуна, Јакупица, шумски и водни екосистеми.

*Слаби страни*

- Недоволна покриеност со водоводна и канализациона мрежа, особено во руралните села.
- Недоволна механизација и опрема за управување со отпад.
- Ниски буџетски издвојувања за животна средина – во 2024 изнесуваат само 1 милион денари (0,5% од буџетот).

*Можности*

- Инвестиции во обновливи извори: соларни панели на јавни објекти, биомаса од земјоделски отпад.
- ЕУ фондови за пречистителни станици, управување со отпад и енергетска ефикасност.
- Развој на еко-туризам како додадена вредност на природните ресурси.

*Закани*

- Ризици од шумски пожари и климатски екстреми.
- Загадување на реките Бабуна и Тополка поради неконтролирани испусти.
- Недоволна еколошка свест и граѓанска култура за селекција на отпад.

**4. Социјални дејности (образование, социјална и детска заштита, култура, спорт и рекреација)**

*Силни страни*

- Во општината функционираат основни училишта во 11 населени места и неколку подрачни училишта, што овозможува пристап до основно образование во руралните средини.
- Постојат детски градинки и патронажна служба за најмладите.
- Усвоен е Социјален план 2024–2027 за поддршка на ранливи категории.
- Организирани се културни манифестации (фестивали, локални празници) и спортски клубови за млади.

*Слаби страни*

- Недоволна современа спортска и културна инфраструктура – дел од спортските игралишта се дотраени или нелегализирани.
- Ниски буџетски издвојувања за култура – во 2024 биле под 1% од вкупниот буџет.
- Недоволна инклузија на ранливи групи и лица со попреченост во образовните и културните активности.

*Можности*

- Користење на национални програми за образование, спорт и култура.
- Развој на културен туризам преку афирмација на локални традиции, етно-музика и гастрономија.
- Активирање на Локалната младинска стратегија (2025–2029) за вклучување на младите во јавниот живот.

*Закани*

- Намалување на бројот на ученици поради миграција и пад на наталитетот.
- Ограничени буџети за социјална поддршка и зависност од државни дотации.

**5. Заштита и спасување на граѓани и добра и противпожарна заштита**

*Силни страни*

- Општината има изготвено проценка на ризици и оперативен план за заштита и спасување.
- Активно е Доброволното противпожарно друштво „Бабуна“, со традиција и ангажман при шумски пожари и кризни ситуации.
- Постојат соработки со Црвен крст и Центар за управување со кризи.

*Слаби страни*

- На територијата нема Територијална противпожарна единица (ТППЕ) – интервенциите ги покрива Велес.
- Недостаток на современа механизација, противпожарни возила и опрема за планински и рурални терени.
- Недостаточен број обучен кадар за управување со ризици и кризни состојби.

*Можности*

- Користење на ЕУ и државни фондови за цивилна заштита и противпожарна опрема.

- Организирање обуки и тренинзи за волонтери, наставници и ученици за превенција и заштита.
- Интеграција во национални системи за рано предупредување од пожари и поплави.

*Закани*

- Чести шумски пожари, особено во летните месеци (Јакупица, Даутица).
- Ризици од поплави во долините на реките Бабуна и Тополка.
- Потенцијални земјотреси поради сеизмичките карактеристики на подрачјето.
- Недоволна култура за превенција кај населението.

**6. Здравствена заштита**

*Силни страни*

- Постојат здравствени пунктови во неколку населени места и патронажна служба за домашни посети.
- Примарната здравствена заштита е интегрирана со државните политики и се обезбедува преку Здравствениот дом Велес.

*Слаби страни*

- Недоволен број здравствени установи, особено во руралните средини каде што пристапот е ограничен.
- Недостаток на кадар (лекари општа пракса, медицински сестри).
- Нема доволен број пунктови за итна медицинска помош.

*Можности*

- Национални програми за примарна и превентивна медицина (вакцинации, скрининг програми).
- Воведување на мобилни здравствени услуги и телемедицина за руралните средини.
- Финансирање преку ЕУ програми за здравствена инфраструктура и обука.

*Закани*

- Стареење на населението – поголем притисок врз здравствениот систем.
- Ограничени буџетски средства за инвестиции во здравство.
- Поголем ризик од заразни болести и хронични заболувања во услови на недостиг на здравствени услуги.

**7. Еднакви можности за жените и мажите**

*Силни страни*

- Усвоена е Стратегија за родова еднаквост (2025–2029).
- Општината спроведува Програма за еднакви можности, со активности за подигнување на свеста и промоција на родова рамноправност.

*Слаби страни*

- Недоволна застапеност на жени во општинските одлучувачки структури.

- Ниска видливост на мерките и недоволна соработка со граѓанскиот сектор.

*Можности*

- Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2022–2026) нуди институционална рамка.
- ЕУ програми и проекти за родова инклузија, обука и вработување на жени.
- Развој на женско претприемништво и поддршка на жените земјоделци.

*Закани*

- Постоење на социјални и културни стереотипи кои го ограничуваат учеството на жените.
- Можна недоволна политичка поддршка за практична примена на стратегиите.
- Ризик од продлабочување на родовиот јаз во услови на миграција и економска нестабилност.

**АНЕКС 3: Извештај од Форум во заедницата**

Записник од консултативната средба/ консултации со граѓани во општина Чашка

На 04-ти септември (четврток) 2025 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Основното училиште "Тодор Јанев", Чашка се оддржа консултативната средба.

Општина Чашка е една од општините која што е вклучена во процесот на изработка на Интегриран локален развоен план во рамките на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти". Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа, со финансиска поддршка на Шведска и Бирото за регионален развој.

Општинскиот тим во соработка со експертскиот тим на УНДП имаа можност да ја презнтираат првичната драфт верзија на Интегрираниот локален развоен план за општина Чашка за период 2025-2029 година.
Планот има за цел да даде придонес за подобрување на системот на локалното развојно планирање која е цврсто поврзана со буџетскиот процес. Со овој процес се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежноост вклучувајќи го и локалниот економски развој.
Присутните имаа можност да се информираат за клучните наоди на планот, swot на областите и секако визијата со развојните цели.

На средбата присутните имаа можност да дадат свој допринос преку адресирање на своите локални потреби , да го надополнат планот со следните проектни идеи, потреби за развој на заедницата и тоа:
- Пречистителна станица на Мелничка река во село Мелница
- Пречистителна станица на река Тополка , Горно и Долно Јаболчиште
- Подигнување на јавната свеста за заштита на животната средина
- Пошумување на територија на Општина Чашка
- Селекција на отпад
- Планирање за отварање и воспоставување на центри за ран детски развој во поголемите населени места
- Домашна посета на стари лица ,социјална услуги
- Дом за стари лица, анализа на објекти сопственост на Општина Чашка за воспоставување на бизнис ( Горно Врановци, Ореше, Лисиче, Богомила....)
- Мултифункционален спортски терен во влез на село Мелница од лева страна
- Мултифункционален спортски терен во Горно Јаболчиште
- Подобување на функционирањето на планинарските домови

Придонесот на присутните кон развојот на Интегрираниот развоен локален план на општина Чашка е значајно за целосно инклузивно заокружување на процесот кој што го спроведува општина Чашка во соработка со УНДП.